МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА

февруари 2021 година

# 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Министерството за образование и наука за 2020 година, беше подготвен во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели за 2020 на Владата на Република Северна Македонија содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/19 година од 8.5.2019 година),

- Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија;
- спроведување на реформи во образованието преку обезбедување на еднакво и квалитетно образование за сите и градење на концепт на доживотно учење;
- зголемување на ефикасноста и транспарентноста преку нов начин на управување и финансирање на универзитетот со почитување на неговата автономија и достоинството на професорите;
- подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата;
- воведување на концептот на еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, а особено во областа на образованието, здравството, социјалната заштита, работните односи и правосудството;
- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите;
- забрзување на темпото на економски раст преку зголемување на инвестициите во науката, истражувањето и иновациите;

Со стратешки план на Министерството за образование и наука за 2020-2022 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 5 програми и 15 потпрограми. За секоја од предвидените програми и потпрограми, кои пак, иницираа мерки, проекти и активности, Годишниот план за работа за 2020 година ги дефинира потребните ресурси и финансиски средства за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

**ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Потпрограми:**

2.1.1 Зголемување на постигањата на учениците во основното образование
2.1.2 Недискриминација, почитување на различностите и инклузивно образование
2.1.3 Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта
2.1.4 Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

**ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

**Потпрограми:**

2.2.1 Зголемување на постигањата на учениците во средното образование

2.2.2 Реформа на средното стручно образование
2.2.3 Подобрен ученички стандард

**ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

**Потпрограми:**

2.3.1. Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование
2.3.2. Развивање на ефикасен систем на финансирање и управување на високото образование
2.3.3. Студентски стандард

**ПРОГРАМА: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

**Потпрограми:**

2.4.1 Ревизија на правната рамка за истражување и развој
2.4.2 Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност
2.4.3 Зголемено учество на Република Северна Македонија во регионални иницијативи и меѓународни програми за наука и истражување

**ПРОГРАМА: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

**Потпрограми:**

2.5.1 Развој на неформалното образование на возрасните
2.5.2 Формално образование на возрасни

# 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

## 2.1 Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите од Стратешкиот план:

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија<br><br>• Обезбедување на квалитетно и инклузивно основно образование, достапно за сите<br>• Вложување и развој на дигитални вештини и критичко размислување | |
| КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Подобрување на содржината, | **Одговорен:**<br>Сектор за основно образование |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Потпрограми:**<br>• Зголемување на постигањата на учениците во основното образование<br>• Недискриминација, почитување на различностите и инклузивно образование<br>• Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта<br>• Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта | | условите за учење и квалитетот во остварувањето на основното образование<br>- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и интеретничката интеграција во основното образование<br>- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта<br>- Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование | |
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Зголемување на постигањата на учениците во основното образование | | | |
| **Мерка: Донесување на сите подзаконски акти согласно новиот Закон за основно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготувување на предлог подзаконски акти<br>- Усогласување на предлог-актите со Секретаријат за законодавство и сите засегнати страни<br>- Донесување на актите | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за основно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесени правни прописи согласно Законот за основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесени се сите подзаконски акти | Донесени се следните прописи/документи:<br><br>-Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште („Службен весник" бр.28/20 од 7.2.2020)<br>- Правилник за формата и содржината на педагошката документација и евиденција која се води во основно училиште во кое се реализира ИБ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | согласно Законот за основното образование | програма („Службен весник” бр.28/20 од 7.2.2020)<br>-Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки („Службен весник” бр.49/20 од 21.2.2020)<br>- Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава бр.12-4095/1 од 23.3.2020<br>- Правилник за начинот и обемот на работните задачи во рамките на работното време на наставниците и стручните соработници во текот на 40-часовна работна недела бр. 18-4809/1 од 5.5.2020 г.<br>- Упатство за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и различни одделенеија бр. 18-6567/1 од 6.7.2020 г.<br>- Упатство за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка бр. 18-6568/1 од 6.7.2020 г.<br>- Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување бр. 18-6570/1 од 6.7.2020<br>- Правилник за начинот и поблиските критериуми за организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделени предмети на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | општинско, регионално и државно ниво бр.18-6573/1 од 6.7.2020 г.<br>- Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи како и во домашни услови бр. 18-6575/1 од 6.7.2020 г.<br>- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма на основното училиште бр. 18-6579/1 од 6.7.2020 г.<br>- Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија бр. 18-6466/2 од 10.7.2020 г.<br>- Правилник за начинот за избор на наставници кои работат во странство бр. 12-8133/1 од 28.8.2020<br>- Правилник за формата и содржината на дипломите, како и начинот на нивно издавање бр.18-11034/1 од 9.10.2020 („Службен весник” бр.250/20 од 19.10.2020)<br>- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за признавање на свидетелство бр. 18-11216/1 од 14.10.2020 („Службен весник” бр.250/20 од 19.10.2020)<br>- Програма за обезбедување туторство на ученици од основното образование 12-11599/1 од 20.10.2020<br>- Програма за професионална ориентација за ученици од осмо и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | деветто одделение бр.12-11595/1 од 20.10.2020<br>- Правилник за професионални компетенции за директор бр.12-11597/1 од 20.10.2020<br>- Правилник за формата и содржината на потврдата со која детето по извршена проверка, се запишува во соодветното одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.18-11951/1 од 27.10.2020 г.<br>- Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта бр.12-11946/1 од 27.10.2020 г.<br>- Програма со содржини за личниот и социо-емоционалниот развој на учениците, за часот на одделенската заедница бр.12-11535/4 од 20.10.2020 за 1-во до 3-то одделение; бр.12-11535/3 од 20.10.2020 за 4-то до 6-то одделение и бр.12-11535/2 од 20.10.2020 за 7-мо до 9-то одделение<br>- Правилник за формата и содржината на обрасците за признавање, односно еквиваленција и начинот на водење на евиденцијата бр. 18-12191/1 од 30.10.2020<br>- Инструменти за проверка на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница со бр.02-1196/1 од 30.10.2020<br>- Наставен план и програма за децата на државјаните на Република Северна | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Македонија кои престојуваат во странство бр.12-12604/2 од 12.11.2020<br>- Програми за изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, за деца со странско државјанство или деца без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита бр. 12-12604/3 и бр.12-12604/4 од 12.11.2020<br>- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог бр. 18-12746/1 од 12.11.2020 („Службен весник" бр.277/20 од 20.11.2020)<br>- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата бр 18-13189/1 од 23.11.2020 („Службен весник" бр.286/20 од 1.12.2020)<br>- Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент бр. 18-13724/2 од 2.12.2020 г.<br>- Правилник за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште бр.18-14496/1 од 17.12.2020 г.<br>- Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница бр.12-15044/2 од 24.12.2020 г.<br>- Правилник за начинот на утврдување на исполнетоста на условите за основање на основно училиште и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | верификацијата на основното училиште бр.12-14928/1 од 23.12.2020 г („Службен весник” бр.314/20 од 30.12.2020)<br>- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистрите (централен регистар на основните училишта кој го води МОН и регистар на основни училишта кој го води секоја општина за своето подрачје) бр.12-14932/1 од 23.12.2020 г („Службен весник” бр.314/20 од 30.12.2020)<br>- Прилагодени наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.12-15308/1 од 29.12.2020<br>- Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците 18-15334/1 од 30.12.2020 г.<br><br>Изготвена е Нацрт Концепција за основно образование, која е разгледана на 32-та седница на Владата одржана на 22.12.2020, по што истата е објавена на веб страната на МОН за јавна расправа. | |
| **Мерка: Утврдување на националните стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование** | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за основно образование<br>Во тек е изготвување на Национални стандарди за учениците во основното образование, базирани на | Нациоаналните стандарди се уредени во посебна глава во новата предлог Концепција за основно образование.<br><br>Националните стандарди се вградени во наставниот план, преку застапеноста на наставните предмети | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Усогласување на предлог-Националните стандарди со сите засегнати страни<br>- Утврдување на Националните стандарди од страна на министерот | компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование<br>**Показател за успешност:**<br>Донесени правни прописи согласно Законот за основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Утврдени се националните стандарди | и вонннаставните активности, и во наставните програми, преку преточување на компетенциите во очекувани резултати од учењето и следствено на нив во стандардите за оценување. | |
| **Мерка: Намалување на бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици, и намалување на бројот на ученици во комбинирана паралелка (за второ одделение во основно образование)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Поднесување на барања за нови согласности од страна на училиштата<br>- Издавање на согласности од страна на МОН и МФ | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за основно образование<br>Во некои училишта бројот на ученици во паралелка е поголем од 30, што влијае на квалитетот на наставата<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Обезбедени согласности за намалување на бројот на ученици во паралелка во второ одделение, од учебната 2020/2021 година | Спроведувањето на оваа мерка е изменото согласно состојбата со Ковид 19 Пандемијата. Имено, Владата на Првата седница одржана на 1.9.2020 донесе План за одржување на наставата во учебната 2020/2021 година, протоколи за постапување на училиштата, за реализација на настава со физичко присуство и Алгоритам за постапување на училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнително/позитивен на Корона вирус.<br><br>Согласно Планот за одржување на настава во учебната 2020/2021 година во основните училишта воспитно-образовниот процес се реализира во група до 20 ученици (во училница со стандардна големина) и физичка дистанца меѓу учениците од најмалку 1.5 метри, како и со задолжително почитување на Протоколот за настава со физичко присуство.<br><br>Врз основа на Законот за изменување и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | дополнување на Законот за основно образование, Владата на седницата одржана на 27.9.2020, донесе Одлука за утврдување на максималниот број на ученици во паралелка во основните училишта во услови на вонредни околности (Службен весник 232/20) согласно која во услови на вонредни околности во основните училишта во кои наставата се реализира со физичко присуство на учениците, максималниот број на ученици во паралелка е 20 ученика.<br><br>Настава со физичко присуство можеа да реализираат само училиштата кои имаа добиено согласност од Владата. Сите останати училишта наставата ја спроведуваа преку систем на учење од далечина<br><br>За учебната 2020/2021 година обезбедени се согласности за ново финансирање за 264 работни места по основ на проширена дејност (наставници по одделенска настава, наставници по физичко и здравствено образование, одржување на ЕСАРУ, стручни соработници) | |
| **Мерка: Утврдување на Концепција за вонннаставни активности**<br><br>Предвидени активности:<br>- Усогласување на предлог-Концепцијата со сите засегнати страни | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за основно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесени правни прописи согласно | **Мерката е реализирана**<br><br>Изготвена е предлог Концепција за вонннаставни активности од страна на Бирото за развој на образованието.<br><br>Концепцијата за вонннаставни | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Законот за основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Утврдена Концепција за воннаставни активности | активности согласно член 41 од Законот за основното образование е утврдена од министерот со Решение бр. 12-2897/2 од 5.3.2020 година. | |
| **Мерка: Професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение, врз основа на Програма утврдена од министерот, на предлог на БРО**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на програма за професионална ориентација од страна на БРО<br>- Утврдување на програмата од страна на министерот | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за основно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесени правни прописи согласно Законот за основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Утврдена е програма за професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение | **Мерката е реализирана**<br><br>Утврдена е Програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение бр.12-11595/1 од 20.10.2020. Програмата е објавена на интернет страницата на МОН и доставена е до сите основни училишта | |
| **Мерка: Вклучување на наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение (сукцесивно)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Поднесување на барања за нови согласности од страна на училиштата, за прво и второ одделение во основно образование<br>- Издавање на согласности од страна на МОН и МФ | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за основно образование<br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Обезбедени согласности за вклучување на наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и здравствено образование во второ одделение, од учебната 2020/2021 година | **Мерката е реализирана**<br><br>Почнувајќи од 1 октомври, односно со почеток на новата учебна година, согласно Законот за основно образование, обезбеден е т.н тандем наставник по физичко образование за прво и второ одделение од основно образование, односно покрај одделенскиот наставник, наставата по физичко образовние ја изведува и предметен наставник по физичко образование.<br><br>На 22.10.2020, БРО донесе Упатство за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | реализација на наставата по спорт и спортски активности во основните училишта за време на наставата од далечина со бр.02-1123/1.<br><br>За учебната 2020/2021 година обезбедени се согласности за ново финансирање за 264 работни места по основ на проширена дејност (наставници по одделенска настава, наставници по физичко и здравствено образование, одржување на ЕСАРУ, стручни соработници) | |
| **Мерка: Ученичко организирање и учество (ученички парламент и ученички правобранител)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Организирање на учениците во заедница на паралелка и ученички парламент<br>- Избор на ученички правобранител во секое училиште | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за основно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Зголемена е демократската партиципација на учениците во училиштата<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Во сите основни училишта е формиран ученички парламент и назначен е ученички правобранител | **Мерката е реализирана**<br><br>На 28 јануари 2020 година, се одржа завршен настан за промоција на резултатите на проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“, кој беше спроведен во партнерство со Бирото за развој на образованието, а поддржан од Детската Фондација Песталоци.<br><br>На настанот се презентираа постигнувањата на проектот (2011 – 2019) и се промовираше новиот *„Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта“*, во насока на полесна имплементација на одредбите од новиот Закон за основно образование кои се однесуваат на ученичко учество и организирање (член 68). | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Водичот за ученичко учество е наменет за сите училишта и содржи ресурси за градење на капацитети за ефективна примена на ученичкото активно учество во образовниот систем. Истиот е доставен до сите основни училишта (и објавен на веб страната на БРО)<br><br>Основните училишта го имаат усогласено (и добиено согласност од МОН) статутот согласно одредбите од новиот Закон за основно образование. Во статутот е разработена и постапката за избор на ученички парламент и правобранител.<br><br>Во рамки на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието кој се спроведува од страна на МЦГО со поддршка од МОН, изработено е Упатство за реализација на вонтаставни активности на далечина. Во рамки на ова Упатство посветен е дел за ученичко учество и организирање од далечина, кој овозможува знаења и вештини за ученици и наставници од основните училишта кои, преку користење на дигитални алатки, треба да го овозможат ученичкото учество во процесите на донесување одлуки на училишно ниво, особено за време на спроведување на настава од далечина. Упатството може да се користи и при редовна реализација на наставата, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | преку користење на хибриден модел за поефикасно спроведување на активностите. | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во основните училишта (реконструкција на основни училишта, изградба на нови основни училишта, изградба на училишни спортски сали)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки<br>- Реконструкција на училишта, изградба на нови училишта (продолжување со изградба на отпочнатите и почнување со изгадба на нови објекти), изградба на нови училишни спортски сали | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на условите во некои училишта особено во руралните средини.<br>Има училишта кои немаат училишна спортска сала<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на изградени и реконструирани основни училишта и училишни спортски сали<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени се инфраструктурни услови во училиштата преку реконструкција на 15 училишта и изградба на 10 училишни спортски сали<br><br>Продолжување со изградба и отпочнување со изградба на 8 нови училишта (објекти) и доградба на 3 училишни објекти | **Мерката е реализирана**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки (во кој се вклучени капитални инвестиции) за 2020 година со бр.10-384/1 од 13.1.2020 година<br><br>Согласно Законот за јавни набавки спроведени се 24 јавни набавки за инвестирање во инфраструктура во основните училишта<br><br>Во тек е изградба/доградба на шест основни училишта:<br>1.Нов училишен објект за ОУ во Љубош, село Батинци, Општина Студеничани;<br>2. Изградба на нов училишен објект ОУ Димитар Македонски, населба Лисиче, о. Аеродром<br>3. Доградба и надградба на ОУ Лирија, с.Горно Јаболчиште, о. Чашка<br>4. Изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Беровски“ нас Хром, о.Ѓорче Петров<br>5. Изградба на крило за ОУ „Тихомир Милошевски“ с. Волково (новоселски пат), о.Ѓорче Петров<br>6. ООУ „Наим Фрашери“ КО Мала Речица, Тетово<br><br>Завршена е реконструкција на 16 основни училишта: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 1. ОУ Бајрам Шабани –Куманово (санитарии и подови).<br>2. ОУ Јосип Броз Тито - Струга,<br>3. ОУ Бајрам Шабани - Сарај, Кондово – (прозори и санитарии)<br>4. ОУ Лирија - Долнени, Житоше<br>5. ОУ Васил Главинов Чаир, адаптација на простор за санитарен јазол со реконструкција на крило<br>6. Реконструкција на котлара во ОУ 25 мај нас..Сингелич, о.Гази Баба, Скопје<br>7. ОУ Гоце Делчев – Виница – санација на кров<br>8. ОУ Кирил и Методиј, Тетово-замена на кров<br>9. ОУ Бајрам Шабани, Куманово - реконструкција на фасада и санација на кров,<br>10. ОУ Наим Фрашери, Куманово-реконструкција на фасада,<br>11. ОУ Јероним де Рада, с.Черкези, Куманово - реконструкција на фасада,<br>12. ОУ Јосип Броз Тито Струга - реконструкција на фасада и санација на кров<br>13. ОУ Мурат Лабуништи, с.Лабуништа, Струга - реконструкција на фасада<br>14. ОУ Тошо Арсов, Штип - реконструкција на фасада и санација на кров | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 15. Реконструкција на систем за топловодно греење во ОУ Блаже Конески, о.Велес<br>16. Реконструкција на опожарен објект ПУ „Страшо Пинџур“ село Крупиште, Општина Карбинци;<br><br>Завршена е изградба на 11 училишни спортски сали: ОУ ,,Андон Зако Чајупи” Липково, ОУ Фаик Коница, Доброште, Теарце, ОУ „Култура” с.Матејче, општина Липково, ОУ „Вера Јоциќ” Гази Баба Скопје, ОУ ,,Гоце Делчев”, Конче, ОУ „Јоаким Крчоски“ во Волково, општ. Ѓорче Петров, ОУ „Битолски конгрес“ Чаир, ОУ ,,Вера Циривири Трена” (ново име ОУ Али Фетхи Окјар), Дебреште, Долнени, ОУ „Александар Здавковски“ Јегуновце, ОУ „7 Март“ Опае, општина Липково и ОУ „Сали Лиси”во Добридол, Врапчиште.<br><br>Во фаза на изградба се седум училишни спортски сали во основни училишта ОУ ,,Фаик Коница” Грешница, Кичево, ОУ ,,Никола Вапцаров” во Струмица, ОУ Фаик Коница с.Дебреше, о.Гостивар, ОУ Милто Гура, Стрелци Кичево, ОУ Методи Митевски Брицо, Лозово, ОУ Страшо Пинџур, Кавадарци и ОУ Ашим Агуши, Радолишта, Струга..<br><br>Во насока на целосна транспарентност во процесот на избор на училишта кои ќе се реконструираат на 13.11.2020 на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | интернет страницата на МОН објавен е Јавен повик за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти на основни и средни училишта во надлежност на Општините и на Градот Скопје со средства од Буџетот на МОН. | |
| **Мерка: Донесување на Концепција за државно тестирање**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Концепција од страна на Работната група<br>- Усогласување на предлог-Концепцијата со сите засегнати страни<br>- Донесување на Концепцијата од страна на министерот | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за основно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесени правни прописи согласно Законот за основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Утврдена Концепција за национално оценување (државно тестирање) | **Мерката е реализирана**<br><br>Работната група, составена од претставници од ДИЦ, МОН, БРО, наставници со поддршка на консултант ангажиран од страна на Светска Банка, изготвија предлог Концепција.<br><br>Концепцијата е утврдена од страна на министерот со Решение бр.18-5737/1 од 12.6.2020 година. | |
| **Мерка: Учество во меѓународни тестирања (TIMSS, PIRLS)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Подготовка за учество на меѓународнот тестирање PIRLS 2021<br>- Објавување на резултатите од учеството во TIMSS тестирањето<br>- Спроведување на детална анализа на резултатите | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за основно образование<br>**Показател за успешност:** /<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени се подготовки за учество на PIRLS 2021 | **Мерката е реализирана**<br><br>Имајќи ја предвид актуелната ситуација со пандемијата и затворањето на училиштата во голем број земји, не е спроведено пробното тестирање за PIRLS во 2020 година. Од страна на IEA одлучено е во 2021 година да се спроведе финалното PIRLS тестирање. Државниот испитен центар и БРО започнаа со подготвителни акивности за тестирањето. Од страна на ДИЦ изготвени се предлог задачи/прашања кои се поставуваат на ова тестирање, а | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од страна на БРО изготвен е план за посета и советување на училиштата кои ќе бидат опфатени со тестирањето, во насока на нивна подготовка<br><br>Во месец октомври, со вебинари на коишто учествуваа наставници коишто држат настава на ученици од четврто одделение и директори од сите училишта во државата, МОН, ДИЦ и БРО ги започнаа подготовките за претстојното тестирање за Меѓународната студија ПИРЛС 2021 година.<br><br>Предавачите ги информираа учесниците за суштината, значењето и активностите поврзани со меѓународната студија ПИРЛС 2021, обврските на сите чинители вклучени во реализацијата на студијата, временската рамка на тестирањето и видот на инструментите кои ќе се користат. Исто така, учесниците добија и детални информации за применливоста на прашањата од ПИРЛС во наставата во четврто одделение. На вебинарот учествуваа околу 500 наставници и директори на основни училишта кои имаа можност активно да се вклучат со поставување прашања за предавачите, како и со изразување на своите ставови во врска со придобивките од меѓународната студија ПИРЛС 2021. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | На 10.12.2020 на веб страната на МОН и ДИЦ објавени се резултатите од ТИМС Република Северна Македонија во математичка писменост од 58 држави е на 45 место, а во природни наука сме подолу рангирани односно од 58 држави учеснички Северна Македонија е на 51 место. Резултатите од меѓународното тестирање ТИМСС ни даваат вистинска слика за тоа каде се наоѓа нашиот образовен систем на глобалната карта по математика и природни науки и колку нашите ученици се оспособени да го искористат сопственото знаење. | |
| **Мерка: Унапредување на квалитетот на учебниците согласно измените и дополнувањата на Законот за учебници за основно и средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Измени на Законот за учебници<br>- Објава на конкурси/повици за изработка на нови учебници и/или ревизија на учебници<br>- Објава на конкурси/јавни повици за рецензенти<br>- Набавка на нови учебници - спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки | **Појдовна основа**<br>Законот за учебници за основно и средно образование предвидува исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот ако се констатира дека во одобрените учебници се потребни одредени исправки или дополнувања од стручен, методолошки, технички аспект, како и од аспект на превод и адаптирање, а истите не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот<br><br>**Показател за успешност:**<br>Учениците во основното образование имаат квалитетни и актуелни учебници како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности | Бирото за развој на образованието, во соработка со експерти на областа и поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје изготви Предлог Концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебник. Во Концепцијата се развиени стандрди за учебници по подрачја (според примерот на искуствата од истражуваните држави, досегашни искуства, и спецификите на нашиот образовен систем) .<br><br>Во изготвената Методологијата за вреднување на учебник развиени се индикатори за секој стандард од наведените подрачја. Исто така, развиени се и обрасци за вреднување што би ги користеле рецензентските комисии, но и Бирото за развој на образованието. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Извршена е ревизија и унапредување на 30% од учебниците во основно образование | Бидејќи поголемиот број на ученици наставата ја следеа од далечина се наметна потребата од објавување на електронски содржини на учебници на порталот е-учебници како алатка за олеснување на процесот на учење.:<br>-ажуриран е веб сајт е-учебници и на истиот се објавени 65 учебници за основно образование кои се во сопственост на МОН на сите наставни јазици;<br>- одржан е состанок со претставниците на Издавачките куќи и на истиот е побарано да се дозволи користење на учебниците кои се во нивна сопственост во електронски верзии;<br>- изработени се и склучени 8 договори за отстапување на учебници за основно и средно образование за учење од далечина;<br>- добиена е согласност од 4 Издавачки куќи за користење електронски учебници за основно и средно образование кои се објавени на веб страните на Издавачките куќи преку пристапни линкови;<br>- дел од учебниците кои се во сопственост на Издавачките куќи немаа можност за електронско објавување поради што се доставени хартиени верзии од учебниците до Финки за изработка на електронска верзија на истите.<br><br>Во месец октомври, формирана е Работна група која треба како крајна | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | цел да понуди нов концепт на Законот за учебници – наставни материјали, составена од претствници на МОН, Педагошка служба, БРО, Уницеф, СОНК, МЦГО, Коалиција Маргини и Академија Brainster. Изготвен е предлог Концепт врз основа на кој изготвен е предлог ново законско решение - Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование.<br><br>Согласно новата Концепција за основно образование, и концептот за наставни средства и дидактички материјали донесени се Решенија за запирање на постапките за одобрување учебници. Дополнителна причина е што започнатите постапки не се правосилно завршени до започнувањето на учебната 2020/2021 година и е во интерес на економичноста на трошењето на јавните буџетски средства, имајќи предвид дека врз основа на концепцијата за основно образование ќе бидат изготвени и донесени и нови наставни програми. | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Недискриминација, почитување на различностите и инклузивно образование | | | |
| **Мерка: Донесување на Концепција за инклузивно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог | **Појдовна основа**<br>Новиот Закон за основно образование содржи одредби за инклузивно образование односно обезбедување на | **Мерката е реализирана**<br><br>Со Решение на директорот на Биро за развој на образованието бр.02-547/1 од 26.3.2020 г. формирана е Работна група | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Концепција од страна на Работната група<br>- Усогласување на предлог-Концепцијата со сите засегнати страни<br>- Донесување на Концепцијата од страна на министерот | квалитетно образование за сите, но потребно е донесување на подзаконските акти и концепции со цел имплементација на законските одредби.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Училиштата се инклузивна средина за учениците со различни видови посебни образовни потреби на кои им овозможуваат целосна и различна поддршка на учениците согласно нивните потреби<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена Концепција за инклузивно образование | за изготвување на Концепција за инклузивно образование, составена од претставници од МОН, БРО, Уницеф, граѓански сектор, Кабинет на претседател на Влада, професори од релевантните високо-образовани установи, наставници и стручни соработници, Сојуз на специјални рехабилитатори и едукатори...Во работењето на групата се вклучени и претставници од МТСП.<br><br>Како појдовна основа на Работната група земена е предлог Концепцијата за инклузивно образование изготвена од страна на двајца консултанти (од Португалија и Србија), ангажирани со поддршка од Уницеф, која беше споделна со сите релевантни чинители кои дадоа свои првични коментари и забелешки.<br><br>Концепцијата е објавена за Јавна расправа на веб страната на МОН на 15 јуни 2020 година.<br><br>Концепцијата е донесена од страна на министерот со Решение бр.18-6577/1 од 6.7.2020г. | |
| **Мерка: Трансформација на посебните училишта во основни училишта со ресурсен центар**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на план за трансформација од страна на | **Појдовна основа**<br>Новиот Закон за основно образование содржи одредби за инклузивно образование односно обезбедување на квалитетно образование за сите, но потребно е донесување на | **Реализација на мерката е во тек**<br><br>Училиштата ги започнаа постапките за изменување на статутот<br><br>Донесено е Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| посебните училишта<br>- Изготвување на измени на статутот од страна на училиштата<br>- Издавање на согласности од страна на МОН<br>- Отпочнување со работа на посебните училишта како основни училишта со ресурсен центар од учебната 2020/2021 година | подзаконските акти и концепции со цел имплементација на законските одредби.<br><br>**Показател за успешност**:<br>Училиштата се инклузивна средина за учениците со различни видови посебни образовни потреби на кои им овозможуваат целосна и различна поддршка на учениците согласно нивните потреби<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Трансформирани четири посебни училишта во основни училишта со ресурсен центар | со ресурсен центар и другите основни училишта бр.12-11946/1 од 27.10.2020 г.<br><br>Изработена е реонизација за соработка на општинските основни училишта со основните училишта со ресурсен центар и/или центрите за поддршка | |
| **Мерка: Трансформација на постојните посебни паралелки при основните училишта во Центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на план за трансформација од страна на училиштата<br>- Изготвување на измени на статутот од страна на училиштата<br>- Издавање на согласности од страна на МОН<br>- Отпочнување со работа на посебните паралелки при основните училишта во Центри за поддршка на учењето на | **Појдовна основа**<br>Новиот Закон за основно образование содржи одредби за инклузивно образование односно обезбедување на квалитетно образование за сите, но потребно е донесување на подзаконските акти и концепции со цел имплементација на законските одредби.<br><br>**Показател за успешност**:<br>Училиштата се инклузивна средина за учениците со различни видови посебни образовни потреби на кои им овозможуваат целосна и различна поддршка на учениците согласно нивните потреби | **Реализација на мерката е во тек**<br><br>Училиштата ги започнаа постапките за изменување на статутот<br><br>Донесено е Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта бр.12-11946/1 од 27.10.2020 г.<br><br>Изработена е реонизација за соработка на општинските основни училишта со основните училишта со ресурсен центар и/или центрите за поддршка. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| учениците со попреченост од учебната 2020/2021 година | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Трандформирани посебни паралелки при основните училишта во Центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост | | |
| **Мерка: Обезбедување на сеопфатен систем за поддршка за инклузивно образование на учениците со попреченост (образовни и лични асистенти, формирање на училишетн инклузивен тим, инклузивен тим за секој ученик, развивање на, ИОП/модифицирана програма, асистивна технологија...)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на училишен тим за инклузија на ниво на училиште<br>- Формирање на инклузивен тим за ученик<br>- Изготвување на ИОП/модифицирана програма, согласно потребите на ученикот<br>- Утврдување на Норматив за образовниот асистент и личниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи од страна на министерот, на предлог на БРО<br>- Утврдување на начинот на побарување на образовен/личен асистент, начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент, како | **Појдовна основа** Новиот Закон за основно образование содржи одредби за инклузивно образование односно обезбедување на квалитетно образование за сите, но потребно е донесување на подзаконските акти и концепции со цел имплементација на законските одредби.<br><br>**Показател за успешност**:<br>Училиштата се инклузивна средина за учениците со различни видови посебни образовни потреби на кои им овозможуваат целосна и различна поддршка на учениците согласно нивните потреби<br><br>Формирани се инклузивни тимови во училиштата<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Ангажирани се образовни и лични асистенти во основните училишта, согласно препораките на Комисијата за МКФ | **Реализирањето на мерката е во тек (постигнат е планираниот резултат на годишно ниво)**<br><br>Владата донесе одлука за продолжување на рокот за пилотирање на новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете и младинец, базиран на Меѓународната класификација на функционирањето (МКФ), до 31 јули 2020 година и го задолжи Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, да ја координира работата на пилот стручните тела за проценка, за време на периодот на пилотирањето до 31 јули 2020 година, до кога треба да се најде соодветно законско решение за институционализација на пилот стручните тела.<br><br>По завршување на процесот на пилотирање одобрена е систематизацијата за нивна институционализација во рамки на Здравствен дом Скопје и спроведени се | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и програмата за обука на образовен/личен асистент од страна на министерот, на предлог на БРО<br>- Обезбедување на согласности за ангажирање на образовни/лични асистенти од страна на МОН и МФ врз основа на поднесени барања од училиштата<br>- Обезбедување/набавка на асистивна технологија од страна на училиштата | | постапките за преземање на вработените од другите институции.<br><br>Во сите основни училишта формирани се инклузивни училишни тимови согласно Законот за основното образование, како и инклузивни тимови за ученик. За учениците со попреченост изготвени се индивидуални образовни планови.<br><br>Од страна на консултант ангажиран од УНДП, изготвена е анализа за образовните и личните асистени кои беа ангажирани во последните три учебни години, во рамки на Програмата за општинско корисна работа (Оперативен план за вработување). Анализата и препораките, се земени предвид во донесување на новите подзаконски акти:<br><br>Донесено е Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта бр.12-11946/1 од 27.10.2020 г., кое е споделено со сите основни училишта.<br><br>Донесен е Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент бр. 18-13724/2 од 2.12.2020 г.<br><br>Финализирани се подзаконските акти: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент, начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент, Програмата за обука на образовен/личен асистент и Правилник за начинот на оценување на учениците со попреченост, кои се во процес на усогласување со СЗ<br><br>И за учебната 2020/2021 ангажирани се образовни/лични асистенти за потребите на основните училишта преку УНДП. Во Буџетот за 2021 година, обезбедени се средства за образовани и лични асистенти, за кои МОН целосно ќе ги покрива трошоците од учебната 2021/2022 година.<br><br>За зголемување на инклузивноста во образованието, МОН работи на две програми со Европската делегација. Со првата, 12 образовни објекти, по 4 од основно, средно и високо образование, ќе бидат реконструирани и ќе добијат пристапни рампи и пристапност до просториите, со средства од ЕУ. Исто така, во рамки на програмата „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, доделени се и 287 стипендии за деца со попреченост коишто се вклучени во редовното образование, за прво и второ одделение, се со цел да се поддржат семејства и учениците со основните материјали коишто им се потребни. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици со надмината возрасна граница, ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) и намалување на осипувањето**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовни состаноци на работната група<br>- Изготвување и донесување на соодветни наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование и програми за проверка на знаењето, согласно новиот ЗОО<br>- Ангажирање на Ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Ромите на локално ниво<br>- Имплементација на редовни активности на терен за идентификување на нередовните ученици и учениците кои се под ризик за осипување - Спроведување на редовни кампањи во населбите каде претежно живеат Роми<br>- Спроведување на редовни средби и работилници со родителите Роми | **Појдовна основа**<br>Новиот Закон за основно образование содржи одредби за инклузивно образование односно обезбедување на квалитетно образование за сите, но потребно е донесување на подзаконските акти и концепции со цел имплементација на законските одредби.<br>Во 2019 година, продолжи со имплеметација Проектот за инклузија на ученици кои се со надмината возраст а кои не биле вклулени во основното образование.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвени и донесени наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование, на деца со надмината возраст<br>Ангажирани се Ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Ромите на локално ниво | **Реализирањето на мерката е во тек (постигнат е планираниот резултат на годишно ниво)**<br><br>На 10.1.2020 г. објавен е повторен Јавен повик за ангажирање на 15 ромски образовни медијатори за основните училишта за учебната 2019/2020. Во месец октомври, завршена е постапката за селекција на 35 образовни медијатори за ученици Роми од 28 општини, за учебната 2020/2021 година. Преку мерката медијаторство во основното образование се обезбедува дополнителна поддршка за учениците Роми во основните училишта. Постапката е завршена и ангажирани се образовните медијатори.<br><br>Во насока на подобрување на пристапот до образование на децата кои не биле вклучени во настава донесени се следниве акти:<br>-Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за признавање на свидетелство бр. 18-11216/1 од 14.10.2020 („Службен весник" бр.250/20 од 19.10.2020) – за ослободување на трошоци за корисници на гарантирана минимална помош<br>- Програма за обезбедување туторство на ученици од основното образование 12-11599/1 од 20.10.2020<br>- Правилник за формата и содржината | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на потврдата со која детето по извршена проверка, се запишува во соодветното одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.18-11951/1 од 27.10.2020 г.<br>- Инструменти за проверка на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница со бр.02-1196/1 од 30.10.2020<br>- Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница бр.12-15044/2 од 24.12.2020 г.<br>- Прилагодени наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.12-15308/1 од 29.12.2020<br><br>Продолжија активностите за имплементација на Проектот „Инклузија на деца кои се надвор од училиштата во образовниот систем“, кој го спроведуваат МОН, БРО, Управата и ДПИ во соработка со МЦГО и Фондација „Песталоци”, со кој се опфатени 12 општини и 18 училишта и редовните состаноци на Работната група. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во месец јули 2020, потпишан е Меморандумот за размена на податоци на национално и локално ниво за идентификација на децата на училишна возраст, од страна на МОН, МТСП, МВР. МЛС, ДПИ и Управата за водење на матични книги.<br><br>Продолжија активностите од проектот *„Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование”,* кој го спроведува Фондација Отворено општество – Македонија, заедно со своите партнери Здружението „Центар за образовна поддршка Дендо вас” и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор” а е финансиран од Европската Унија, со поддршка од МОН. Во рамки на Проектот донесена е одлука за доделување на грантови на 22 училишта.<br>По однос на Конкурсот за стипендирање на ученици Роми запишани во прво одделение во учебната 2020/2021 година во рамки на проектот донесена е одлука за одобрување на 334 апликации.<br>По однос на стипендистите од учебната 2019/2020 година, донесена е одлука за продолжување на 273 стипендисти кои во учебната 2020/2021 година ќе бидат запишани во второ одделение, и за доделување на 41 нова стипендија за ученици запишани во | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | второ одделение односно за доделување на вкупно 314 стипендии за второ одделение.<br>Донесена е и Одлука за ангажирање на нови 33 асистенти за учениците стипендисти, со што вкупниот број на ангажирани асистенти во рамки на проектот изнесува 61 асистент. | |
| **Мерка: Остварување на основно образование и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, како и во домашни услови од страна на БРО<br>- Утрдување на Правилникот од страна на министерот<br>- Обезбедување на потребни согласности за учебната 2020/2021 година | **Појдовна основа /**<br>Новиот Закон за основно образование содржи одредби за инклузивно образование односно обезбедување на квалитетно образование за сите, но потребно е донесување на подзаконските акти и концепции со цел имплементација на законските одредби.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови, децата сместени во воспитно-поправните домови, да го продолжат (завршат) основното образование<br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е подзаконски акт за остварување на основно образование во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови | **Мерката е реализирана.**<br><br>Утврден е Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи како и во домашни услови бр. 18-6575/1 од 6.7.2020 г. | |
| **Мерка: Формирање на Тим за училишна интеграција, во рамки на секое основно училиште, планирање и организирање активности кои** | **Појдовна основа**<br>Новиот Закон за основно образование содржи одредби за инклузивно образование односно обезбедување на | **Мерката е реализирана**<br><br>Формирани се тимови за училишна интеграција во секое училиште. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на Тим за училишна интеграција во секое училиште<br>- Објавување на Јавен повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. | квалитетно образование за сите.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Спроведен е Конкурсот за доделување на финансиски средства за активности кои придонесуваат за интеракцијата помеѓу учениците кои ја следат наставата на различен јазик<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е Јавниот повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција. | На 3.11.2020 на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување парични средства за организирање на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата, за учебната 2020/2021 година, со рок на аплицирање до 3.12.2020 г.<br><br>Заедно со јавниот повик објавена е листа на примери на вонаставни активности кои може да се реализираат онлајн | |
| **Мерка: Реализација на изборен предмет јазик и култура на Ромите, Бошњаците, Србите, Турците и Власите**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на постапки за одобрување на учебници по предметите; Јазик и култура на Ромите Јазик и култура на Бошњаците, Јазик и култура на Србите, Јазик и култура на Турците и Јазик и култура на Власите | **Појдовна основа /**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се учебници за наставата што се одвива на помалку застапените наставни јазици и наставата по предметите коишто обезбедуваат учење за јазикот и културата на заедниците кои ја следат наставата на јазик различен од мајчиниот<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво): /**<br>Одобрени се учебници по предметите јазик и култура на Ромите, Бошњаците, | **Реализирањето на мерката е во тек**<br><br>Донесени се решенија односно завршена е постапката за исправка односно дополнувања во текстот на учебниците (не повеќе од 30% од содржината) по предметите:<br>- Јазик и култура на Власите (изборен) за 3-то, 6-то, 7-мо, 8-мо и 9-то одделение,<br>- Јазик и култура на Бошњаците (изборен) за 3-то, 4-то, 5-то, 6-то, 7-мо, 8-мо и 9-то одделение<br><br>Од страна на Националната комисија одобрен е учебник по предметот | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Србите, Турците и Власите | босански јазик (1-во одд.)<br><br>По однос на постапката за учебникот по предметот Јазик и култура на Ромите (изборен) за 3-то одделение, истата е се уште во тек (во фаза на ревизија на учебник), а за учебниците за 6., 7.,8. и 9. одд. постапката не е завршена бидејќи формираните авторски тимови не доставија ракописи.<br>За учебник по предметот: Босански јазик за II одделение, формиран е авторски тим и изготвен е текст на учебник кој е во фаза на одобрување.<br><br>По однос на Конкурсот за издавање на учебници за основно образование по предметите: Јазик и култура на Србите за III и IV одделение и Јазик и култура на Турците за III одделение, постапката за одобрување на учебниците е во тек | |
| **Мерка: Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, во наставните програми и учебници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Анализа на содржините на наставните програми и учебниците во основно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, согласно Правилникот за | **Појдовна основа /**<br><br>**Показател за успешност: /**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):/**<br>Извршена е анализа на содржините на 10% од наставните програми и учебници во основно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите | **Реализирањето на мерката е во тек**<br><br>Биро за развој на образованието подготви нацрт верзија на нова концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебникот, каде се укажува на тоа дека ниту еден учебник не смее да содржи стереотипи за различни социјални групи и не смее да поттикнува предрасуди по било кој основ, вклучувајќи го овде меѓу другите и родовиот. Во содржините на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија” бр.125/2015) | | учебниците треба да има текстови и илустрации каде подеднакво би биле застапени и третирани и жените и мажите.<br><br>Министертвото за образование и наука го повлече од употреба учебникот по Македонски јазик за петто одделение, поради несоодветна и дискриминирачка содржина. Во овој учебник се констатирани дискриминирачки текстови, но и примери коишто ја засилуваат родовата нееднаквост. Утврдени се голем број пропусти и грешки, но и непочитување на македонската стандарднојазична норма.<br><br>Во месец декември се спроведоа обуките на наставниците за пилот програмата за сексуално образование. Воведувањето сеопфатно сексуално образование во основните училишта, ќе значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството.<br><br>Новата предлог Концепција за основно образование, има посебна глава за Обезбедување родова сензитивност/рамноправност. Во неа меѓудругото е уредено дека „*образованието поттикнува вклучување на родовата перспектива* | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *во обуката на наставниците, реализира настава низ содржини во кои нема експлицитни родови стереотипи, и користи пристап кој е родово сензитивен и повикува на критички однос кон родовата нееднаквост. Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација кои не се ограничени од традиционалните родови улоги."*<br><br>Концепцијата исто така уредува: *„Промовирање на родовата рамноправност преку образованието е стимулирање на учеството на учениците во наставните и воннаставните активности независно од полот, односно спротивно на стереотипните очекувања поврзани со полот/родот."* | |
| **Мерка: Донесување на Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици, наградување на најдобрите ученици и нивните наставници и покривање на трошоци за учество на меѓународни натпревари**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Концепција од страна на БРО<br>- Усогласување на предлог-Концепцијата со сите засегнати страни | **Појдовна основа /**<br>Новиот Закон за основно образование содржи одредби за инклузивно образование односно обезбедување на квалитетно образование за сите, но потребно е донесување на подзаконските акти и концепции со цел имплементација на законските одредби.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Училиштата се инклузивна средина за учениците со различни видови посебни | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>На 3.2.2020 година објавен е Повикот за кодирање за 2020 година.<br><br>На 13.2.2020 објавен е Јавен повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво за ученици од основните училишта. Постапката е целосно завршена а листата на акредитирани здруженија е објавена на интернет страната на МОН. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Донесување на Концепцијата од страна на министерот<br>- Објавување на конкурс за учество на меѓународни натпревари<br>- Формирање на Комисија за разгледување на примените апликации<br>- Исплата на одобрените апликации<br>- Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари<br>- Објава на јавен повик за акредитирани здруженија на наставници за учество на меѓународен натпревар за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар | образовни потреби на кои им овозможуваат целосна и различна поддршка на учениците согласно нивните потреби<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):/**<br>Донесена Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици<br>Спроведени конкурси/ јавни повици за наградување на учениците и менторите | Во однос на натпреварите на општинско, регионално и државно ниво за ученици од основните училишта, примени се вкупно 14 барања за 14 ученици и 14 наставници-ментори, од кои 11 се одобрени, а 3 барање не ги исполнуваат условите.<br><br>На 17.2.2020 на веб страната на МОН; објавен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда односно златен, сребрен или бронзен медаљ на меѓународен натпревар. Примени се шест апликации, од кои една ги исолнува условите, а пет не ги исполнуваат условите согласно повикот.<br><br>Согласно новиот Закон за основно образование, донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки („Службен весник” бр.49/20 од 21.2.2020)<br><br>Владата на 49-та седница одржана на 5.5.2020 г. донесе Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за основното образование за време на вонредна состојба („Службен весник” | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | бр.116/20 од 5.5.2020), со која е продолжен рокот за објавување јавен повик за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на најмногу шест ученици и најмногу три ментори на еден меѓународен натпревар по барање на акредитираните здруженија на наставници во текот на една година, кој е истечен за време на траење на вонредната состојба, и се продолжува за две недели од денот на престанокот на траењето на вонредната состојба.<br><br>На 14.7.2020 донесено е Решение бр.18-6889/1 за необјавување на Јавниот повик за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на најмногу шест ученици и најмногу три ментори на еден меѓународен натпревар по барање на акредитираните здруженија на наставници во текот на една година имајќи ја предвид актуелната ситуација со Ковид 19 Пандемијата,<br><br>По однос на Концепцијата за откривање и работа со талентирани и надарени ученици, истата не е изготвена од страна на БРО, поради потребата од дополнителни консултации за изготвување на концепцијата но имајќи ги предвид и големиот број на непредвидени ангажмани на советниците од БРО поврзани со пандемијата и системот за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | учење од далечина | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта | | | |
| **Мерка: Донесување на подзаконските акти согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование**<br><br>Предвидени активности<br>- Изготувување на предлог подзаконски акти<br>- Усогласување на предлог-актите со Секретаријат за законодавство и сите засегнати страни<br>- Донесување на актите | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за наставници и соработници во основните и средните училишта и формирана е работна група што работи на подзаконските акти<br><br>**Показател за успешност:**<br>Реализирани се континуирани обуки за наставниците и стручните соработници, согласно законските прописи<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесени подзаконски акти согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта | **Мерката е реализирана**<br><br>Донесени се сите акти предвидени со Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование (Службен весник бр.161/2019 од 5.8.2019) | |
| **Мерка: Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во основното образование согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за наставници и соработници во основните и средните училишта и формирана е работна група што работи на подзаконските акти<br><br>**Показател за успешност:**<br>Реализирани се континуирани обуки за наставниците и стручните соработници, согласно законските | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Од страна на министерот, на предлог на БРО, во месец февруари, донесена е Програма за обука на наставници и стручни соработници за 2020 година.<br><br>Во периодот од 22-ри до 25-ти јуни организирана е обука за наставници поврзана со теми од Холокаустот, организирана во рамки на Меморандумот за соработка помеѓу | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Акредитацијата на програми за обука од страна на Бирото за развој на образованието.<br>- Објава на Повик за избор на консултантски компании за подобрување на квалитетот на образование (Improving quality if education – Teacher training) од Акциски документ 2017 | прописи<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br><br>Потпишан финасиски договор со ЕУ делегација за одобрување на Програмата – Акциски документ 2019 | МОН, БРО и Меморијалниот центар на жртвите и хероите на холокаустот Јад Вашем (Израел).<br><br>Во вториот квартал спроведена е обука на сите наставници кои предаваат странски јазик (англиски, германски, француски и руски), за новите наставни програми по странски јазици од прво до деветто одделение.<br><br>Во третиот квартал спроведена е обука на сите наставници за скратените наставни програми кои ќе се применуваат од 1 октомври 2020, обука за користење на www.eduino.gov.mk, како и обука преку каскаден модел за новата национална платформа за учење од далечина<br><br>На системот за управување со учење на БРО, поставени се три обуки: Обука за инклузивно образование (развиена со поддршка на Уницеф), Обука/курс за реализирање на настава со користење на различни ИКТ средства за учење (развиена од страна на БРО и надворешен провајдер) и Обука за критичко размислување и решавање на проблеми (развиена во рамки на проектот „Училишта на 21 век”).<br><br>Во месец ноември формирана е работна група за подготовка на Каталог на акредитирани програми за обука на воспитно-обрзовниот кадар. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во месец декември спроведена е обука за наставниците од четирите училишта во кои ќе се пилотира наставната програма за сеопфатно сексуално образование. | |
| **Мерка: Ревидирање и унифицирање на студиските програми на Педагошките факултети, ревидирање на студиските програми на Факултетите со наставни насоки, ревидирање на моделот за полагање на докфалификација (ППМ)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Потпишување на финансиски договор со ЕУ делегација за одобрување на Програмата – Акциски документ 2019 | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за наставници и соработници во основните и средните училишта и формирана е работна група што работи на подзаконските акти<br><br>**Показател за успешност:**<br>Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката која што е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните и националните стандарди<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Потпишан финансиски договор со ЕУ делегација за одобрување на Програмата – Акциски документ 2019 | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>На Четвртата седница на Владата, одржана на 14.9.2020 донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, по скратена постапка, согласно кој се одлага неговата примена до академската 2022/2023 година.<br><br>Започнаа активности за изготвување на нов Концепт за реформирање на факултетите со наставни насоки.<br><br>Согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта донесен е нов Правилник за начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко-психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните институции (Службен весник бр.241/20 од 7.10.2020г.) | |
| **Мерка: Формирање на стручни активи на наставници за меѓусебна поддршка и соработка, споделување** | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за наставници и | **Мерката е реализирана**<br><br>Во сите основни училишта формирани | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **на знаењата и педагошките практики и преземање на иницијативи за подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа на училиштето.**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на стручни активи во рамки на основните училишта<br>- Размена на искуства помеѓу стручните активи од различни училишта | соработници во основните и средните училишта и формирана е работна група што работи на подзаконските акти<br><br>**Показател за успешност:**<br>Реализирани се континуирани обуки за наставниците и стручните соработници, согласно законските прописи<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Формирани се стручни активи на наставници во училиштата | се стручните активи, согласно Законот за основното образование<br><br>Стручните активи се уредени и во новата предлог Концепција за основно образоваие | |
| **Мерка: Формирање на тимови за професионален развој во основните училишта**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на тим за професионален развој од координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, директор и стручен соработник во училиштето.<br>- Одобрување на личните планови за професионален развој од страна на тимот за професионален развој | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за наставници и соработници во основните и средните училишта и формирана е работна група што работи на подзаконските акти<br><br>**Показател за успешност:**<br>Реализирани се континуирани обуки за наставниците и стручните соработници, согласно законските прописи<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Формирани се тимови за професионален развој во училиптата | **Мерката е реализирана**<br><br>Во сите основни училишта формирани се тимови за професионален развој, согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта | |
| **Мерка: Следење и вреднувањето на работата на наставниците во** | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за наставници и | **Мерката е реализирана** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **училиштето од страна на директорот, и од страна на Бирото.**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на стандардите за професионално однесување<br>- Континуирано следење на работата на наставниците од страна на директорот и Бирото<br>- Оценка од Бирото односно Центарот и мислење од училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник-ментор | соработници во основните и средните училишта и формирана е работна група што работи на подзаконските акти<br><br>**Показател за успешност:**<br>Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката која што е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните и националните стандарди<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесени се стандардите за професионално однесување | Донесени се следните подзаконски акти:<br><br>-Стандарди за професионално однесување на стручните соработници во основните и средните училишта (утврден од СОНК со бр.0301-32/1 од 6.7.2020)<br>-Стандарди за професионално однесување на наставниците во основните и средните училишта (бр.18-6812/1 од 14.7.2020)<br>- Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците 18-15334/1 од 30.12.2020 | |
| **Мерка: Имплементација на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници (ментори и советници)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на техничка спецификација за е-системот за кариерен развој<br>- Спроведување на постапка согласно ЗЈН за изготвување на е-систем за кариерен развој<br>- Објавување на јавен повик за напредување во звање | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за наставници и соработници во основните и средните училишта и формирана е работна група што работи на подзаконските акти<br><br>**Показател за успешност:**<br>Отопочнати се активности за имплементација на системот за кариерен развој<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвен е е-системот за кариерен развој | **Мерката е реализирана (постигнат е планираниот резултат на годишно ниво)**<br><br>Развиен и пуштен е во употреба е-системот за кариерен развој<br><br>Донесен е Правилник за изменување на правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | (Службен весник бр.308/20 од 23.12.2020), со кој е утврдено рокот за објавување на Јавниот повик за добивање на звање наставник-ментор и наставник-советник да се објавува во месец јануари наместо јуни, на интернет страната на МОН.<br><br>Врз основа на измената на Правилникот, Владата на 35-та седница одржана на 29.12.2020 донесе Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор, за фискалната 2021 година.<br><br>Подготвен е Јавен повик до наставниците во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник-ментор, кој се објави на веб страната на МОН на 4 јануари 2021г. | |
| **ПОТПРОГРАМА 4**: Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта | | | |
| **Мерка: Утврдување професионални компетенции за директор, од страна на министерот, на предлог на БРО и ДИЦ**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог професионални компетенции од страна на Бирото и Државниот испитен центар. | **Појдовна основа**<br>Согласно новиот Закон за основно образование, предвидено е утврдување на професионални компетенции за директори<br><br>**Показател за успешност:**<br>Директорите на основните училишта ги исполнуваат минималните барања | **Мерката е целосно реализирана**<br><br>Утврден е Правилникот за професионални компетенции на директорот бр.12-11597/1 од 20.10.2020.<br><br>Правилникот е објавен на интернет страниците на МОН, ДИЦ и е доставен до сите основни училишта. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Утврдување на професионалните компетенции од страна на министерот | за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Утврдени се професионалните компетенции за директор | | |
| **Мерка: Континуирано професионално усовршување на директорите согласно Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Закон за БРО**<br><br>Предвидени активности:<br>- Ревидирање на програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта<br>- Ревидирање на програмата за напредна обука на директори | **Појдовна основа**<br>Согласно новиот Закон за основно образование, предвидено е утврдување на професионални компетенции за директори<br><br>**Показател за успешност:**<br>Директорите на основните училишта ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Ревидирани се програмите за обука на директори | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Од страна на Државниот испитен центар изготвен е протокол за спроведување на обука и испит за директори во услови на Пандемија, кој е одобрен од страна на Комисијата за заразни болести и усвоен од страна на Владата. Во четвртиот квартал од страна на Државен испитен центар се спроведуваа обуки и испит на директори согласно Протоколот.<br><br>Во четвртиот квартал започнати се активности за ревидирање на Програмата за обука и испит на директори и Програмата за напредна обука на директори | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Мерка: Усогласување на наставните планови и програми со Националните стандарди за учениците во основно образование и обука за наставниците за новите** | Сè уште не се донесени националните стандарди, од причина што во тек е развој на целосно нова Концепција за основно образование, со која се напушта стариот пристап на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **наставни програми**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на работни групи во рамки на Биро за развој на образованието<br>- Ревизија на наставните програми<br>- Усогласување на наставните програми согласно Националните стандарди<br>- Донесување на наставните програми од страна на министерот | фактографско учење и се поттикнуваат учениците да решаваат проблеми и критички да размислуваат.Целта е да се обезбеди образование со коешто секое дете ќе го достигне својот полн потенцијал преку изборни и вон наставни предмети. Новата концепција е во завршна фаза на изготвување.<br><br>Мерката е предвидено да се имплементира суксецивно, почнувајќи од 2021 година | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН** | | | |
| **Спроведување на настава преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација** | **Учебна 2019/2020 година:**<br><br>Владата на Република Северна Македонија на 15-та седница ги донесе и следните заклучоци, мерки и препораки:<br>- Да се прекине со воспитно – образовниот процес и наставата во сите детски градинки, центри за ран детски развој, дневни центри, основни и средни училишта на територијата на Република Северна Македонија од 11 март 2020<br>- Да се прекине со посета на сите воннаставни активности и други приватни активности кои децата ги извршуваат вон наставата (посета на воспитно-образовни активности, курсеви, дополнителни часови, спортски тренинзи и слично) | Кризата што настана со ширењето на Ковид-19 ги истакна потребите и предизвиците во такви услови да се обезбеди правото на образование. Образовниот систем се соочи со ситуација во која не постои можност за вообичаено функционирање на формалното образование, а потребно е да се обезбеди континуитет во образованието за сите ученици. Од друга страна пак, оваа криза, освен несигурноста и стравот што го предизвика, поттикна и барање нови решенија за организација и реализацијата на наставата и учењето. Тоа е едновремено и можност за подобро разбирање на разни аспекти на наставата и учењето и идентификување нови алатки и контексти за поддршка на учењето на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Се задолжува Министерство за образование и наука во соработка со Бирото за развој на образованието, согласно одредбите од Законот за основното образование и Законот за средното образование, да ја организираат наставата согласно законските прописи за деновите кои нема да се работат.<br><br>На 13.3.2020 г. МОН на својата веб страна објави бесплатни дигитални платформи, апликации и содржини за учење дома<br><br>На 16.3.2020 г. на МРТВ започнува емитувањето на едукативна програма наречена „ТВ училница“. На националниот телевизиски сервис се емитува едукативни содржини по предметите кои учениците ги изучуваат на училиште. Наставници ги предаваат лекциите кои во овој период требаше да бидат совладани согласно наставните планови и програми. Додека за децата од претшколска возраст се емитуваа едукативни емисии и приказни согласно нивната возраст.<br><br>По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата на седницата, одржана на 23 март 2020 година, донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за основно образование за време на вонредна | сите деца и млади. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | состојба („Службен весник" бр.76/20 од 24.3.2020)<br><br>Со Уредбата е пропишано дека наставата во основните училишта се организира преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација.<br><br>Врз основа на Уредбата, донесено е Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечениско учење, односно учење од дома, бр.12-4217/1 од 30.3.2020 година.<br><br>На 24.3.2020 од страна на министерот промовирана е национална платформа за поддршка на далечинско учење (www.eduino.gov.mk), изготвена од страна на МОН, БРО и МТСП (наставници и воспитувачи) со поддршка на Уницеф.<br><br>**Учебна 2020/2021 година:**<br><br>Владата на Првата седница одржана на 1.9.2020 донесе План за одржување на наставата во учебната 2020/2021 година, протоколи за постапување на училиштата, за реализација на настава со физичко присуство и Алгоритам за постапување на училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнително/позитивен на Корона | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | вирус.<br><br>Согласно Планот за одржување на настава во основните училишта воспитно-образовниот процес се реализира во група до 20 ученици (во училница со стандардна големина) и физичка дистанца меѓу учениците од најмалку 1.5 метри, како и со задолжително почитување на Протоколот за настава со физичко присуство.<br><br>Настава со физичко присуство може да реализираат само училиштата кои имаат добиено согласност од Владата. Сите останати училишта наставата ја спроведуваат преку систем на учење од далечина. За таа цел Владата на првата седница донесе и Решение за назначување на членови и нивни заменици на Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство.<br><br>На третата седница на Владата, одржана на 3.9.2020 донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, согласно кој е уредено дека во услови на вонредни околности: учебната година може да започне и заврши и во време различно од времето утврдено во ЗОО, за што одлучува Владата, бројот на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | наставните денови во учебната година може да биде помал од 180, но не помалку од 100 наставни денови, за што одлучува Владата, во основното училиште може да се организира настава со физичко присуство на учениците или преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација и сл..<br><br>Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование, Владата на Шестата седница одржана на 27.9.2020, донесе:<br>1. Уредба за начинот на организирање и реализирање на наставата во услови на вонредни околности во основните и средните училишта (Службен весник 232/20);<br>2.Одлука за утврдување на максималниот број на ученици во паралелка во основните училишта во услови на вонредни околности (Службен весник 232/20) согласно која во услови на вонредни околности во основните училишта во кои наставата се реализира со физичко присуство на учениците, максималниот број на ученици во паралелка е 20 ученика;<br>3.Одлука за траење на наставниот час во услови на вонредни околности во основните училишта (Службен весник 232/20) согласно која во услови на вонредни околности наставниот час во основните училишта трае 30 минути во наставата со физичко присуство или 30 | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | минути со пет минути приклучување на националната платформа за настава преку далечинско учење и<br>4.Одлука за утврдување на започнувањето и завршувањето на учебната 2020/2021 година во основните училишта во услови на вонредни околности (Службен весник 232/20) согласно која учебната 2020/2021 година во основните училишта започнува на 1 октомври 2020 година, а завршува на 31 август 2021 година.<br><br>Владата на Шестата седница, одржана на 27.9.2020 ги разгледа и усвои поединечните протоколи на посебните основни училишта за постапување и реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците.<br><br>Министерството на дневна основа ги следеше состојбите со бројот на заразени ученици и наставници во наставата со физичко просуство и во целата држава тој беше помал од 1 процент. Ова се факти кои зборуваат дека немаше интерно ширење на вирусот во училиштата, дека образовниот систем беше стабилен и училиштата ги почитуваа мерките и здравствените протоколи<br><br>МОН, општините, директорите на училиштата, бизнис заедницата и | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | партнерските организации, продолжија да обезбедуваат ИТ уреди за следење на наставата преку далечинско учење.<br><br>Имајќи предвид дека во време на пандемија, психосоцијалната поддршка е најважна за зачувување на менталното здравје на децата, учениците и родителите, од страна на МОН, МЗ и МТСП во соработка со Универзитетската клиника за психијатрија воспоставена е линија за помош на родители, деца и млади, | | |
| **Сеопфатно истражување во основните и средните училишта поврзано со здравствената криза и КОВИД-19** | МОН, БРО и Уницеф започнаа со спроведување на сеопфатно истражување во основните и средните училишта поврзано со здравствената криза и КОВИД-19 што, во голема мера, влијаеше на начинот на кој се реализира воспитно-образовниот процес во земјата. | Целта на истражувањето е да ги сумира сите релевантни искуства и да го процени севкупното влијание на пандемијата COVID-19 врз образовниот процес во земјата. Преку вклучување на сите засегнати страни (даватели и корисници на услуги во образовниот сектор) - директори, наставници, родители и ученици, ова истражување ќе даде директен увид во различните искуства и важните аспекти на учењето на далечина, како и препораки за организирање на следната учебна година. | |
| **Концепт за развивање на систем за образование од далечина во основните и средните училишта во Република Северна Македонија** | Во вториот квартал формирана е Работна група за изготвување на Концепт за развивање на систем за образование од далечина во основните и средните училишта, составена со претставници од МОН, МИОА, БРО, ЦСОО, ДИЦ, наставници од основни и средни училишта, професори од | Кризата што настана со ширењето на Ковид-19 ги истакна потребите и предизвиците во такви услови да се обезбеди правото на образование. Оваа криза, освен несигурноста и стравот што го предизвика, поттикна и барање нови решенија за организација и реализацијата на наставата и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | универзитети, меѓународни организации (Уницеф и УСАИД) и граѓанскиот сектор. Работната група изготви предлог концепт кој се фокусира на три аспекта: педагогијата, технологијата и дизајнот на наставните системи коишто ефективно обезбедуваат образование на ученици/студенти кои не се физички „на лице место" во процесот на стекнување на своето образование. Концептот е донесен од страна на министерот со Решение бр.08-4895/2 од 21.7.2020 година.<br><br>Во текот на месец септември 2020, за учениците кои се приклучуваат на настава преку учење од далечина, започна да се развива национална платформа, која овозможува настава со помош на Microsoft Teams. Во втората половина од месец септември, од страна на МОН и БРО спроведени се обуки за сите наставници. | учењето. Тоа е едновремено и можност за подобро разбирање на разни аспекти на наставата и учењето и идентификување нови алатки и контексти за поддршка на учењето на сите деца и млади. | |
| Алатката за само-проценка WASH, наменета за училиштата | УНИЦЕФ на 8 октомври организираше вебинар за запознавање со алатката за само-проценка WASH, наменета за училиштата. На вебинарот кој беше поддржан од Министерството за образование и наука, и презентиран од страна на Институтот за јавно здравје, присуствуваа 54 учесници од училиштата и општините кои имаа можност да научат како се користи алатката. Вебинарот го отвори министерот за образование и наука, | Алатката нуди и систем за одржлива соработка помеѓу клучните државни институции во врска со WASH во училиштата, односно соработка меѓу училиштата, општините, МОН преку Државниот просветен инспекторат и Институтот за јавно здравје | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | како институционална поддршка за имплементација на алатката. Онлајн алатката за само-проценка WASH е изработена од страна на УНИЦЕФ и истата е интегрирана во постоечката алатка на Институтот за јавно здравје и во националниот протокол за повторно отворање на училиштата за време на пандемијата со КОВИД-19. | | |

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:<br><br>Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:</td><td colspan="2">Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија<br><br>• Спроведување на реформи во образованието преку обезбедување на еднакво и квалитетно образование за сите и градење на концепт на доживотно учење<br>• Почитување на концептот на еднаквост и недискриминација во образовниот систем</td></tr>
<tr><td>Назив на програма/потпрограма: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД<br>Потпрограми:<br>• Зголемување на постигањата на учениците во средното образование<br>• Реформа на средното стручно образование<br>• Подобрен ученички стандард</td><td>Цел на програмата/потпрограмата<br>- Подобрување на содржината, условите за учење и квалитетот во остварувањето на средното образование<br>- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование<br>- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во средните училишта и ученичките домови<br>- Усогласување на стручното образование и обука со</td><td>Одговорен:<br>Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење<br>Одделение за ученички стандард</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | потребите на пазарот на трудот<br>- Зголемување на опфатот во стручното образование и обука | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Зголемување на постигањата на учениците во средното образование | | | |
| **Мерка: Донесување/ имплементација на нов Закон за средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br><br>- Усогласување на текстот на Законот со сите релевантни чинители и со НРК<br>- Донесување на Законот за средно образование од страна на Собранието<br>- Имплементација на Законот – донесување на подзаконските акти | **Појдовна основа**<br>Закон за средно образование донесен во 1995 година, со 33 измени<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесен нов Закон за средното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изработка и донесување на нов Закон за средно образование | **Во тек е спроведување на мерката**<br><br>Имајќи предвид дека во Република Северна Македонија е прогласена вонредна состојба, Владата на седницата, одржана на 23 март 2020 година, донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за средно образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.76/20 од 24.3.2020), која потоа имше неколку измени со кои се продолжуваше рокот на примена се додека траеше вонредната состојба во земјата.<br><br>Со Уредбата е пропишано дека наставата во средните училишта се организира преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација.<br><br>Врз основа на Уредбата, донесено е Упатство за наставниците за начинот | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечениско учење, односно учење од дома, бр.12-4217/1 од 30.3.2020 година.<br><br>На третата седница на Владата, одржана на 3.9.2020 донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, согласно кој е уредено дека во услови на вонредни околности: учебната година може да започне и заврши и во време различно од времето утврдено во ЗСО, за што одлучува Владата, бројот на наставните денови во учебната година може да биде помал од 180, но не помалку од 100 наставни денови, за што одлучува Владата, во средното училиште може да се организира настава со физичко присуство на учениците или преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација и сл.<br><br>Во месец октомври формирана е Работната група која започна да работи на нова концепција за средно образование, врз основа на која ќе биде изготвен нов Закон за средно образование (превиден да се донесе во 2021 година) | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во средните училишта (реконструкција на** | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на | **Мерката е целосно реализирана. Постигнат е (и надминат) планираниот резултат на годишно** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **средни училишта, изградба на нови средни училишта, изградба на училишни спортски сали)**<br><br>Предвидени активности:<br><br>- Донесување на Програма за инвестиции (изградба и реконструкција на средни училишта)<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки<br>- Реконструкција на училишта, изградба на нови училишта, изградба на нови училишни спортски сали | условите во некои училишта.<br>Има училишта кои немаат училишна спортска сала<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на изградени и реконструирани средни училишта и училишни спортски сали<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени инфраструктурни услови во училиштата преку реконструкција на 5 училишта и изградба на 1 училишна спортска сала | **ниво.**<br><br>Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта од страна на Владата на 173-та седница одржана на 28.12.2019<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки (во кој се вклучени капитални инвестиции) за 2020 година со бр.10-384/1 од 13.1.2020 година<br><br>Изградена е училишната спортска сала во средното училиште СОУ Наце Буѓони – Куманово.<br><br>Завршена е реконструкција на седум средни училишта. ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски", Охрид, СОУ Љупчо Сантов, Кочани, СОУ Коле Нехтенин, Штип - санација на кров, СОУ Таки Даскало, Битола - санација на кров, СОУ – гимназија Мирче Ацев, Прилеп-санација на кров, ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски, Охрид - санација на кров и реконструкција на фасада и Реконструкција на санитарни јазли во СОУ Орде Чопела, о.Прилеп.<br><br>Согласно Законот за јавни набавки завршена е постапката за избор на фирма за комплетна реконструкција на СОУ„Кочо Рацин" – Земјоделско училиште и ученички дом (кој е во состав на училиштето) а во четвртиот квартал започнати се и постапки за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | рехабилитација на СОУ Панче Арсовски Гази Баба, Скопје (санација на санитарии) и рехабилитација на СОУ Гостивар Гостивар (санација на: санитарии).<br><br>Во насока на целосна транспарентност во процесот на избор на училишта кои ќе се реконструираат на 13.11.2020 на интернет страницата на МОН објавен е Јавен повик за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти на основни и средни училишта во надлежност на Општините и на Градот Скопје со средства од Буџетот на МОН. | |
| **Мерка: Учество во меѓународни тестирања (PISA)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Анализа на резултатите и изготвување на извештај од ПИСА 2018.<br>- Поготовка и спроведување на пилот тестирање за ПИСА 2021. | **Појдовна основа**<br>Република Северна Македонија учествуваше во ПИСА тестирањето 2018<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се валидни емпириски податоци за оспособеноста на учениците на возраст од 15 години (споредени со меѓународни перспективи) за влез во животот и продолжување на образованието или вклучување на пазарот на трудот<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени се подготовки за учество на PISA 2021 | **Спроведување на мерката е во тек. Планираниот резултат на годишно ниво е постигнат**<br><br>Од страна на ДИЦ изготвени се тестовите и прашалниците за пилот тестирањето ПИСА 2021, но поради состојбата со КОВИД 19 вирусот и прогласената вонредна состојба во земјата, пробното тестирање не е спроведено во училиштата (според планот истото беше планирано за месеците април и мај 2020).<br><br>Од страна на ОЕЦД во согласност со сите земји учеснички во меѓународното тестирање донесена е одлука за пролонгирање на ПИСА тестирањето, односно пробното ПИСА | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | тестирање да се одржи во 2021 година, а финалното тестирање да биде во 2022 година.<br><br>Во третиот квартал од страна на ДИЦ изготвена е збирка на задачи/прашања кои се поставуваат на ПИСА тестирањата и за истите од страна на БРО изготвени се Насоки до наставниците за нивно користење односно поврзување со соодветна наставна програма.<br><br>Примерите од задачите и насоките се доставени до сите училишта и се објавени на интенет страниците на ДИЦ и БРО.<br><br>На 29.10.2020 започнаа онлајн обуки на наставниците и директорите од средните училишта на ниво на држава, На вебинарот, предавачите ги информираа учесниците за суштината, значењето и активностите поврзани со меѓународната студија ПИСА 2021. Учесниците добија детални информации за резултатите од ПИСА2018 и насоки во кои делови посебно треба да се работи за да се подобрат тие резултати. Од презентацијата на вебинарот учесниците добија информации и за применливоста на знаењата и вештините во решавање на реалните проблеми што се основа на задачите во ПИСА. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Наградување на најдобрите ученици и нивните наставници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на конкурс за учество на меѓународни натпревари и научни олимпијади<br>- Формирање на Комисија за разгледување на примените апликации<br>- Исплата на одобрените апликации за меѓународни натпревари и олимпијади<br>- Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Воспоставени се подобри услови за учење коишто овозможуваат да се посвети повеќе внимание на секој ученик<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени конкурси/ јавни повици за наградување на учениците и менторите | **Мерката е реализирана. Планираниот резултат на годишно ниво е постигнат**<br><br>На 27 март 2020, на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделени предмети во средно образование (државни натпревари). На 11 јуни 2020, на веб страната на МОН објавен е повторно Конкурс за акредитација на здруженија на наставници<br><br>На 10.4.2020 објавени се Јавниот повикот за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар и Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медаљ на една од 13 меѓународни олимпијади. Пристигнати се вкупно 10 апликации (од 10 ученици и 10 наставници-ментори) од кои одобрени се 4 апликации кои ги исполнуваат условите. | |
| **Мерка: Инклузија на ученици со посебни образовни потреби**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на инклузивни тимови во училиштата<br>- Подготовка на индивидуални наставни планови | **Појдовна основа**<br>Иако ЗСО овозможува инклузија на ученици со попречености, постои потреба од обука на наставниот и стручниот кадар за работа со овие ученици и за изготвување на ИОП | **Имплементација на мерката е во тек**<br><br>Формирани се инклузивни тимови кои изготвуваат индивидуални наставни планови | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Показател за успешност:**<br>Средното образование придонесува кон познавање на човековите права, почитување на различностите и практикување на демократските вредности кај учениците<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени услови за инклкузија на учениците со попречености (обуки за наставници и стручни соработници, поддршка во изработка на ИОП. | | |
| **Мерка: Формирање на Тим за училишна интеграција, во рамки на секое средно училиште, планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на Тим за училишна интеграција во секое училиште<br>- Објавување на Јавен повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрена е интеракцијата помеѓу учениците кои ја следат наставата на различен јазик<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е Јавниот повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција. | **Мерката е реализирана. Планираниот резултат на годишно ниво е постигнат**<br><br>Формирани се тимови за училишна интеграција во секое училиште.<br><br>На 3.11.2020 на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување парични средства за организирање на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата, за учебната 2020/2021 година, со рок на аплицирање до 3.12.2020 г.<br><br>Заедно со јавниот повик објавена е листа на примери на воннаставни активности кои може да се реализираат онлајн | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| унапредување на меѓуетничката интеграција. | | | |
| **Мерка: Намалување на осипувањето на ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..**<br><br>Предвидени активности:<br>- Внесување на одредба во Законот за средно образование за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани<br>- Доделување на стипендии за ученици од ранливи категории за учебната 2020/2021 | **Појдовна основа**<br>Закон за средно образование донесен во 1995 година, со 33 измени<br><br>**Показател за успешност: /**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени се стипендии за уечници Роми за учебната 2020/2021 година | **Спроведување на мерката е во тек. Планираниот резултат на годишно ниво е постигнат**<br><br>Спроведен е Конкурсот за доделување на ученички стипендии за учебната 2020/2021 година (400 стипендии за социјална подршка, 50 стипендии за ученици без родители и родителска грижа, 100 стипендии за ученици со посебни потреби, 880 стипендии за средношколци Роми во пет категории) е објавен на 27.10.2020 г..<br><br>На 25-та седница на Владата, одржана на 1.12.2020 донесна е Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стипендии со која е зголемен бројот на стипендии за ученици со посебни потреби и за ученици од социјално-ранливите категории, а на 26-та седница на Владата, одржана на 7.12..2020 донесена е нова Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стипендии со која е зголемен бројот на стипендии за ученици Роми.<br><br>Во месец октомври, до страна на REF одобрена е апликацијата на МОН; за поддршка и финансирање на активности за стипендии, менторирање и туторство на ученици | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Роми во средно образование за периодот октомври 2020 – октомври 2024 година. Со проектот се предвидува доделување на 4120 стипендии (1030 годишно), и ангажирање на 50 ментори и 160 тутори за ученици од 90 средни училишта во 30 општини.<br><br>Не е направена измена на Законот за средно образование, во насока на ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани (предвидено во 2020 година) | |
| **Мерка: Унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, во наставните програми и учебници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Анализа на содржините на наставните програми и учебниците во средно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр.125/2015) | **Појдовна основа:** /<br><br>**Показател за успешност:**<br>Учениците од средното образование имаат квалитетни и актуелни учебници како извор на модерно и релевантно знаење и како алатка за промовирање на човековите права, почитување на различностите и демократските вредности<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Извршена е анализа на содржините на 10% од наставните програми и учебници во средно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите | **Спроведувањето на мерката е во тек**<br><br>БРО подготви нацрт верзија на нова концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебникот, каде се укажува на тоа дека ниту еден учебник не смее да содржи стереотипи за различни социјални групи и не смее да поттикнува предрасуди по било кој основ, вклучувајќи го овде меѓу другите и родовиот. Во содржините на учебниците треба да има текстови и илустрации каде подеднакво би биле застапени и третирани и жените и мажите.<br><br>Педагошка служба достави барање до авторите и Издавачките куќи да предложат исправки или дополнувања од стручен, | Работната група за Анализа на содржините на наставните програми и учебниците во средно образование од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, е координирана од страна на МТСП. Во 2020 година не се закажани/одржани состаноци на работната група. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | методолошки, технички како и од аспект на превод и адаптирање, а истите да не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот и спроведе постапка на ревизија на одредени учебници од аспект на родова еднаквост (околу 40 учебници). Првичниот избор за учебници што требаше да се ревидираат од аспект на родова сензитивност, беа учебниците во сопственост на Министерството за образование и наука, кои за прв пат ќе се печатат и оние кои ќе се печатат по петгодишна употреба.<br><br>Од страна на БРО направена е анализа на содржината од апсект на родова еднаквост и недискриминација на 15 учебници од кои 7 во основното образование и 8 во средното образование. | |
| **Мерка: Унапредување на квалитетот на учебниците согласно измените и дополнувањата на Законот за учебници за основно и средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Измени на Законот за учебници<br>- Објава на конкурси/повици за изработка на нови учебници и/или ревизија на учебници<br>- Објава на конкурси/јавни повици за рецензенти<br>- Печатење на нови учебници - | **Појдовна основа**<br>Има недостаток од учебници во средно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвување на нови учебници во средно образование | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Врз основа на резултатите од спроведено истражување, заклучоците и препораките БРО, во соработка со експерти на областа и поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје изготви Предлог Концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебник. Во Концепцијата се развиени стандрди за учебници по подрачја (според примерот на искутвата од истражуваните држави, досегашни искуства, и спецификите на нашиот | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки | | образовен систем) и тоа:<br>1.Усогласеност на учебникот со наставната програма<br>2.Избор и приказ на содржините<br>3.Поврзаност со учењето и поучувањето<br>4.Јазик и стил<br>5.Дизајн<br><br>Во изготвената Методологијата за вреднување на учебник развиени се индикатори за секој стандард од наведените подрачја. Исто така, развиени се и обрасци за вреднување што би ги користеле рецензентските комисии, но и Бирото<br><br>Во текот на 2020 година, спроведени се голем број конкурси/повици за изработка на нови учебници и/или ревизија на учебници, и конкурси/јавни повици за рецензенти<br><br>Бидејќи поголемиот број на ученици наставата во учебната 2020/2021 година ја следат од далечина се наметна потребата од објавување на електронски содржини на учебници на порталот е-учебници како алатка за олеснување на процесот на учење.:<br>-ажуриран е веб сајт е-учебници и на истиот се објавени 400 учебници за средно образование кои се во сопственост на МОН на сите наставни јазици;<br>- одржан е состанок со | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | претставниците на Издавачките куќи и на истиот е побарано да се дозволи користење на учебниците кои се во нивна сопственост во електронски верзии;<br>- изработени се и склучени 8 договори за отстапување на учебници за основно и средно образование за учење од далечина;<br>- добиена е согласност од 4 Издавачки куќи за користење електронски учебници за основно и средно образование кои се објавени на веб страните на Издавачките куќи преку пристапни линкови;<br>- објавени се електронски верзии на 31 учебник за средно образование кои беа по електронски пат доставени од страна на Издавачките куќи;<br>- дел од учебниците кои се во сопственост на Издавачките куќи немаа можност за електронско објавување поради што се доставени хартиени верзии од учебниците до Финки за изработка на електронска верзија на истите.<br><br>Во месец октомври, формирана е Работна група која треба како крајна цел да понуди нов концепт на Законот за учебници – наставни материјали, составена од претствници на МОН, Педагошка служба, БРО, Уницеф, СОНК, МЦГО, Коалиција Маргини и Академија Brainster. Изготвен е предлог Концепт врз основа на кој | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | изготвен е предлог ново законско решение - Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование | |
| **Мерка: Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во основното образование согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Акредитацијата на програми за обука од страна на Бирото за развој на образованието.<br>- Објава на Повик за избор на консултантски компании за подобрување на квалитетот на образование (Improving quality if education – Teacher training) | **Појдовна основа**<br>Донесен е Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, кој стапи на сила во месец август 2019, а за кој е потребно да се изготват и донесат подзаконските акти, за имплеметација на моделот на професионален и кариерен развој.<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена е Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование за 2020 година<br>Потпишан финансиски договор со ЕУ делегација за одобрување на Програмата – Акциски документ 2019 | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Од страна на министерот, на предлог на БРО, во месец февруари, донесена е Програма за обука на наставници и стручни соработници за 2020 година.<br><br>Во периодот од 22-ри до 25-ти јуни организирана е обука за наставници поврзана со теми од Холокаустот, организирана во рамки на Меморандумот за соработка помеѓу МОН, БРО и Меморијалниот центар на жртвите и хероите на холокаустот Јад Вашем (Израел).<br><br>Во третиот квартал спроведена е обука на сите наставници за скратените наставни програми кои ќе се применуваат од 1 октомври 2020, обука за користење на www.eduino.gov.mk, како и обука преку каскаден модел за новата национална платформа за учење од далечина<br><br>Во месец ноември, организирана е онлајн обука од БРО, МОН и УНИЦЕФ, за стручните соработници од средните училишта<br><br>На системот за управување со учење | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на БРО, поставени се три обуки: Обука за инклузивно образование (развиена со поддршка на Уницеф), Обука/курс за реализирање на настава со користење на различни ИКТ средства за учење (развиена од страна на БРО и надворешен провајдер) и Обука за критичко размислување и решавање на проблеми (развиена во рамки на проектот ,,Училишта на 21 век").<br><br>Во месец ноември формирана е работна група за подготовка на Каталог на акредитирани програми за обука на воспитно-обрзовниот кадар. | |
| **Мерка: Ревидирање и унифицирање на студиските програми на Педагошките факултети, ревидирање на студиските програми на Факултетите со наставни насоки, ревидирање на моделот за полагање на докфалификација (ППМ)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Потпишување на финансиски договор со ЕУ делегација за одобрување на Програмата – Акциски документ 2019 | **Појдовна основа**<br>Закон за средно образование донесен во 1995 година, со 33 измени<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Потпишан финасиски договор со ЕУ делегација за одобрување на Програмата – Акциски документ 2019 | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>На Четвртата седница на Владата, одржана на 14.9.2020 донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, по скратена постапка, согласно кој се одлага неговата примена до академската 2022/2023 година.<br><br>Започнаа активности за изготвување на нов Концепт за реформирање на факултетите со наставни насоки.<br><br>Согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта донесен е нов Правилник за начинот на следењето | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | на наставата, полагањето на испитите за педагошко-психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните институции (Службен весник бр.241/20 од 7.10.2020г.) | |
| **Мерка: Формирање на стручни активи на наставници за меѓусебна поддршка и соработка, споделување на знаењата и педагошките практики и преземање на иницијативи за подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа на училиштето.**<br><br>Предвидени активности:<br>- Измена на Законот за средно образование<br>- Формирање на стручни активи во рамки на основните училишта<br>- Размена на искуства помеѓу стручните активи од различни училишта | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за наставници и соработници во основните и средните училишта и формирана е работна група што работи на подзаконските акти<br><br>**Показател за успешност:**<br>Реализирани се континуирани обуки за наставниците и стручните соработници, согласно законските прописи<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Формирани се стручни активи на наставници во училиштата | **Спроведувањето на мерката е во тек**<br><br>Во Законот за средно образование – член 95 е уредено постоењето на стручните активи, но не е уредена нивната улога и начинот на работење. Треба да се уреди во новиот Закон за средно образование, кој е во фаза на изготвување | |
| **Мерка: Формирање на тимови за професионален развој во основните училишта**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на тим за професионален развој од координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, директор и стручен соработник во училиштето. | **Појдовна основа**<br>Донесен е Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, кој стапи на сила во месец август 2019, а за кој е потребно да се изготват и донесат подзаконските акти, за имплементација на моделот на професионален и кариерен развој.<br><br>**Показател за успешност:** | **Мерката е реализирана**<br><br>Во сите средни училишта формирани се тимови за професионален развој, согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Одобрување на личните планови за професионален развој од страна на тимот за професионален развој | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Формирани се тимови за професионален развој во училиштата | | |
| **Мерка: Следење и вреднувањето на работата на наставниците во училиштето од страна на директорот, и од страна на Бирото.**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на стандардите за професионално однесување<br>- Континуирано следење на работата на наставниците од страна на директорот и БРО/ЦСОО<br>- Оценка од БРО односно ЦСОО и мислење од училиштето за исполнетоста на стандардите за наставник-ментор | **Појдовна основа**<br>Донесен е Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, кој стапи на сила во месец август 2019, а за кој е потребно да се изготват и донесат подзаконските акти, за имплементација на моделот на професионален и кариерен развој.<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесени се стандардите за професионално однесување | **Спроведувањето на мерката е во тек (исполнет е планираниот резултат на годишно ниво)**<br><br>Донесени се следните подзаконски акти:<br><br>-Стандарди за професионално однесување на стручните соработници во основните и средните училишта (утврден од СОНК со бр.0301-32/1 од 6.7.2020)<br>-Стандарди за професионално однесување на наставниците во основните и средните училишта (бр.18-6812/1 од 14.7.2020) | |
| **Мерка: Имплементација на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници (ментори и советници)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на техничка спецификација за е-системот за кариерен развој<br>- Спроведување на постапка согласно ЗЈН за изготвување на е-систем за кариерен развој<br>- Објавување на јавен повик за напредување во звање | **Појдовна основа**<br>Донесен е нов Закон за наставници и соработници во основните и средните училишта и формирана е работна група што работи на подзаконските акти<br><br>**Показател за успешност:**<br>Отпочнати се активности за имплементација на системот за кариерен развој<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвен е е-системот за кариерен развој | **Спроведувањето на мерката е во тек (постигнат е планираниот резултат на годишно ниво)**<br><br>Развиен и пуштен е во употреба е-системот за кариерен развој | |

| **ПОТПРОГРАМА 2:** Реформа на средното стручно образование | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Воведување на модуларни наставни програми базирани на компетенции за општо-образовните предмети и стручните предмети во средно стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Воведување на модуларни наставни програми базирани на резултати од учење за општо-образовните предмети за втора, година во техничко образование, од месец септември 2020 | **Појдовна основа**<br>Изработени се и одобрени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите нови квалификации/ образовни профили базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени за општо-образовните и стручните предмети од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прва година)<br><br>**Показател за успешност:**<br>Системот на СОО брзо се приспособува на променливите потреби од вештини на пазарот на трудот (донесени се модуларни наставни програми базирани на компетенции за сите општо-образовни и стручни предмети во рамки на формалното стручно образование и обука)<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Воведување на нови модуларно дизајнирани наставни програми, базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени, за стручните предмети за втора години од техничко образование за сите 52 квалификации | **Мерката е реализирана**<br><br>Во учебната 2020/2021 година воведени се модуларните наставни програми базирани на резултати од учење за општо-образовните и стручните предмети за втора година во техничко образование. | |
| **Мерка: Промотивни активности (кампања) за стручно образование и обука** | **Појдовна основа**<br>Кампањата за средно стручно образование „Снајди се со стручно" | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Во првиот квартал продолжија | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Продолжување на активностите од кампањата за средно стручно образование „Снајди се со стручно" | започна во 2019 година<br><br>**Показател за успешност:**<br>Во системот за СОО се запишуваат поголем број ученици кои подобро напредуваат во учењето<br><br>Генерално е подобрена привлечноста и почитувањето на стручните дејности и на СОО<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Реализирани промотивни активности (кампања) за стручно образование и обука | активностите од кампањата за стручно образование и обука, претежно преку социјалните медиуми.<br><br>Од страна на ЦСОО изготвен е План за посета на основните училишта (учениците од завршната година), со цел промоција на средното стручно образование.<br><br>Имајќи предвид дека и во вториот квартал продолжи вонредната состојба во земјата и наставата се одвиваше од далечина, не е реалзиран планот на ЦСОО за посета на основните училишта (учениците од завршната година), со цел промоција на средното стручно образование. Од тие причини а во насока на подобро запознавање на учениците кои завршуваат основно образование со видовите струки и образовни профили кои им се на располагање при изборот на средното училиште каде ќе го продолжат воспитно – образовниот процес, Центарот за стручно образование и обука со поддршка на проектот Е4Е - Образование за вработување во Северна Македонија, изготви „Водич низ квалификациите во стручното образование". Истиот е објавен на интернет страниците на МОН, ЦСОО и БРО. | |
| **Мерка: Отворање на три регионални центри за средно стручно образование (во Југозападниот,** | **Појдовна основа**<br>Во месец декември 2019, донесени се измени на Законот за стручно | **Мерката е реализирана (постигнат е планираниот резултат на годишно ниво)** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Североисточниот и Полошкиот регион) целосно опремени за обезбедување на квалитетни услуги**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвен извештај за техничко опремување и рехаблитација на средните училишта кои ќе прераснат во регионални центри<br>- Спроведен јавен повик/тендер согласно ЗЈН за избор на фирма/и за проектирање и изведување на рехабилитација на училиштата | образование и обука, со кои се дава законски основ за основање на регионални центри<br><br>**Показател за успешност:**<br>Отворени се три регионални центри за средно стручно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени се јавните постапки за рехабилитација и опремување на средните училишта кои ќе прераснат во Регионални центри | Од страна на консултантот, ангажиран во рамки на СКИЛС проектот, реализирана е посета на трите училишта кои треба да прераснат во регионални центри за стручно образование и изготвен е детален Извештај за нивно техничко опремување и рехабилитација.<br><br>Врз основа на Извештајот за техничко опремување и рехабилитација на трите училишта, обезбедена е поддршка од страна на проектот E4E@mk за изработка на целосна техничка проектна документација и ревизија за реконструкција/ рехабилитација на трите училишта. Во рамки на овој проект започната е изработка на анализа за потребите за обука на кадарот од трите регионални центри поврзано со осумте квалификации.<br><br>Од страна на ЦСОО изготвени се осумте квалификации кои ќе се обучуваат во трите регионални центри, а за кои Стопанската комора даде позитивно мислење.<br><br>На 24-та седница на Владата, одржана на 24.11.2020 донесени се Одлуки со кои основачките права и обврски спрема општинските училишта „Ванчо Питошески“ Охрид, „Моша Пијаде“ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Тетово и „Киро Бурназ" Куманово ги презема Владата на Република Северна Македонија и со кои овие три општински училишта продолжуваат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука односно како државни средни училишта.<br><br>Врз основа на одлуките, трите училишта ги измениja статутите а МОН издаде решенија за согласност | |
| **Мерка: Учење преку работа и пилотирање на дуално стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Усвојување на Концептот за учење преку работа, во соработка со ETF<br>- Изработка на посебните стандарди за опрема и просторни услови кај работодавачи, за избрани приоритетни квалификации<br>- Изработка и донесување на наставни програми за дуално стручно образование, за трета година | **Појдовна основа**<br>Изготвен е предлог Концепт за учење преку работа.<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Усвоен/донесен е Концептот за учење преку работа | **Мерката е реализирана (постигнат е планираниот резултат на годишно ниво)**<br><br>Концептот за учење преку работа е донесен од- страна на министерот со Решение бр.08-4305/2 од 13.4.2020<br><br>Од страна на ЦСОО, донесено е Упатство за планирање, организација, реализација, следење и евидентирање на феријална практика бр.01-138/1 од 5.2.2020г. и истото на 4.3.2020 е презентирано пред средните стручни училишта.<br><br>Владата на 65-та седница, одржана на 12.6.2020 на предлог на МОН и ЦССО донесе одлука да се пролонгира реализацијата на феријалната практика за учениците во средното стручно образование од учебната 2019/2020 година и истата да се реализира до крајот на првото | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | полугодие во учебната 2020/2021 година, со цел избегнување на опасностите од пренесување на вирусот Ковид-19 и обезбедување на соодветни работни места за реализација на феријалната практика во текот на наредната учебна година.<br><br>Во месец јуни се одржа финалниот натпревар за најдобра ученичка компанија во организација на Џуниор Ачивмент Македонија, во рамки на соработката со МОН и ЦСОО.<br><br>Владата на Втората седница, одржана на 3.9.2020 го усвои Протоколот за постапување на средните училишта во кои се реализира стручно образование и обука во Република Северна Македонија за спроведување на практичната настава со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година; Општиот Протокол за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријалната практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач и Протоколите за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријалната практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач во секторот машинство, секторот земјоделие, рибарство и ветерина, секторот хемија и технологија и секторот лични услуги | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во третиот квартал донесени се стандардите за простор и опрема за осумте квалификации кои ќе се обучуваат во трите регионални центри, изготвени од страна на ЦСОО<br><br>Донесени се наставните програми за дуалното стручно образование, за трета година. | |
| **Мерка: Мобилност на наставници и ученици од средно стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Учество на средните стручни училишта на јавните повици од Националната агенција за европски образовани програми и мобилност | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Активно учество на средните училишта во Еразмус + Програмата за мобилност | **Активностите предвидени со мерката континуирано се спроведуваат**<br><br>Сепак имплементацијата на мерката е во голема мера намалена, имајќи ја предвид состојбата со светската пандемија и затворените граници, поради што предвидените активности за мобилност беа одложени или организирани во дигитален формат<br><br>На 6.2.2020 во Гостивар, на 7.2.2020 во Кавадарци а н 13.2.2020 во Битола, НАЕОПМ одржа инфо ден за средните училишта, за можностите на ЕУ програмите за мобилност на наставниците и учениците.<br><br>На 21 април 2020, на веб страната на МОН објавен е Повик за апликации на Европската комисија (EAC/S54/2019) – Мобилност во стручното образование и обука за земјите од Западен Балкан<br><br>На 27.8.2020г. објавен е дополнителен | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | повик за Клучна акција 2 како одговор на околностите создадени од пандемијата Covid-19<br><br>На 22.9.2020 г., во просториите на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, одржан е воведен состанок за проекти од програмата Еразмус+ во областа на училишно образование, Клучна акција 1-КА101 Мобилност на наставен кадар во училишно образование.<br><br>На 20.10.2020 се одржа воведен состанок за корисници на грант од програмата Еразмус+ за полето стручно образование и обука КА102.<br><br>На 18-та седница на Владата, одржана на 9.11.2020, рагледана и усвоена е Информација за потребата за пристапување на Република Северна Македонија кон програмите на ЕУ„Еразмус" и Европскиот корпус на солидарност" во новиот програмски циклус од 2021 до 2027 година. Врз основа на заклучокот од Влада, МОН достави писмо за интерес до ЕК за учество во двете програми.<br><br>На 24.12.2020 Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (НАЕОПМ), организираше работен состанок за примената на Европските инструменти во стручно образование и обука, состојбите во | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Република Северна Македонија-можности и перспективи за соработка.<br><br>Во рамките на активностите на НАЕОПМ, за подигнување на капацитетите на училиштата за користење на програмата Еразмус+, изготвен е прашалник за креирање на база на училишта на кои им се потребни обуки. Сите училишта кои имаат потреба од обука за зајакнување на капацитетите за подготовка и имплементација на проекти во програмата Еразмус+, го пополнуваа прашалникот, најдоцна до 18.12.2020 | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Подобрен ученички стандард | | | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во ученичките домови (реконструкција на ученички домови)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки за реконструкција на ученички домови<br>- Реконструкција на ученички домови | **Појдовна основа**<br>Ученичките домови имаат потреба од реновирање и подобрување на условите за сместување на учениците<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на реконструирани ученички домови<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на условите за престој на ученици во ученичките домови | **Спроведувањето на мерката е во тек**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки (во кој се вклучени капитални инвестиции) за 2020 година со бр.10-384/1 од 13.1.2020 година<br><br>Во четвртиот квартал завршена е постапката за комплетна реконструкција на Ученичкиот дом, кој е во состав на училиштето„Кочо Рацин" Свети Николе | |
| **Мерка: Систем на стипендирање на ученици (талентирани ученици, ученици од социјално ранливи** | **Појдовна основа**<br>Законот за ученички стандард, дава законски основ за доделување на | **Мерката е реализирана**<br><br>Одлуката за утврдување на бројот на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **категории, ученици Роми, ученици на Спортска академија, ученици со посебни образовни потреби......)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Одлука за видот и износот на ученичките стипендии од страна на Владата<br>- Објавување на Конкурс за доделување на ученички стипендии за учебната 2020/2021, Конкурс за стипендии за Спортска академија и Конкурс за музички инструменти<br>- Формирање на Работни комисии и разгледување на пристигантите барања<br>- Склучување на договори и исплата на стипендиите | стипендии на ученици<br><br>**Показател за успешност:**<br>Доделени стипендии за ученици<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени се конкурсите за доделување на стипендии на ученици за учебната 2020/2021 година | стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година, е објавена во .Службен весник бр.195/2020 од 30.7.2020 година<br><br>На 25-та седница на Владата, одржана на 1.12.2020 донесна е Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стипендии со која е зголемен бројот на стипендии за ученици со посебни потреби, за ученици од социјално-ранливите категории и за ученици кои реализираат наставни програми од електро-техничка струка, односно сектор електро-техника. На 26-та седница на Владата, одржана на 7.12..2020 донесена е нова Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стипендии со која е зголемен бројот на стипендии за ученици Роми.<br><br>Конкурсот за доделување на ученички стипендии за учебната 2020/2021 година е целосно спроведен.<br><br>За прв пат од оваа учебна година, отворена е можноста за целосно електронско аплицирање за стипендија (без потреба од доставување на документи во хартиена форма). | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Мерка: Набавка на потребна опрема во средните стручни училишта за сите квалификации опфатени во еден сектор**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на јавен повик за набавка на опрема за стручните училишта, согласно потребите | Не е набавена нова опрема за средните стручни училишта во рамки на СКИЛС Проектот, бидејќи не се обезбедени доволно финансиски средства за истото. | | |
| **Мерка: Реализирање на обуки за воспитниот кадар во ученичките домови за примена на современи методи за настава и воспитување**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Објава на Повик за избор на консултантски компании за подобрување на квалитетот на образование (Improving quality of education – Teacher training) од Акциски документ 2017 | Не се спроведени обуки за воспитниот кадар во ученичките домови | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН:** | | | |
| **Спроведување на настава преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација** | **Учебна 2019/2020 година:**<br><br>Владата на Република Северна Македонија на 15-та седница ги донесе и следните заклучоци, мерки и препораки: | Кризата што настана со ширењето на Ковид-19 ги истакна потребите и предизвиците во такви услови да се обезбеди правото на образование. Образовниот систем се соочи со | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Да се прекине со воспитно – образовниот процес и наставата во сите детски градинки, центри за ран детски развој, дневни центри, основни и средни училишта на територијата на Република Северна Македонија од 11 март 2020<br>- Да се прекине со посета на сите вонналставни активности и други приватни активности кои децата ги извршуваат вон наставата (посета на воспитно-образовни активности, курсеви, дополнителни часови, спортски тренинзи и слично)<br>- Се задолжува Министерство за образование и наука во соработка со Бирото за развој на образованието, согласно одредбите од Законот за основното образование и Законот за средното образование, да ја организираат наставата согласно законските прописи за деновите кои нема да се работат.<br><br>По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата на седницата, одржана на 23 март 2020 година, донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за средно образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.76/20 од 24.3.2020)<br><br>Со Уредбата е пропишано дека наставата во средните училишта се организира преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација. | ситуација во која не постои можност за вообичаено функционирање на формалното образование, а потребно е да се обезбеди континуитет во образованието за сите ученици. Од друга страна пак, оваа криза, освен несигурноста и стравот што го предизвика, поттикна и барање нови решенија за организација и реализацијата на наставата и учењето. Тоа е едновремено и можност за подобро разбирање на разни аспекти на наставата и учењето и идентификување нови алатки и контексти за поддршка на учењето на сите деца и млади. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Врз основа на Уредбата, донесено е Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечениско учење, односно учење од дома, бр.12-4217/1 од 30.3.2020 година.<br><br>Од страна на ЦСОО узготвено е Упатство (насоки и совети) за реализација на далечинско учење во средно стручно образование.<br><br>На 24.3.2020 од страна на министерот промовирана е национална платформа за поддршка на далечинско учење (www.eduino.gov.mk), изготвена од страна на МОН, БРО и МТСП (наставници и воспитувачи) со поддршка на Уницеф, која во следниот период треба да се надогради и за средно образование.<br><br>**Учебна 2020/2021 година:**<br><br>Владата на Првата седница одржана на 1.9.2020 донесе План за одржување на наставата во учебната 2020/2021 година, протоколи за постапување на училиштата, за реализација на настава со физичко присуство и Алгоритам за постапување на училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнително/прозитивен на Корона вирус.<br><br>Согласно Планот за одржување на настава во учебната 2020/2021 година во средните училишта воспитно-образовниот процес | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | се реализира во група до 20 ученици (во училница со стандардна големина) и физичка дистанца меѓу учениците од најмалку 1.5 метри, како и со задолжително почитување на Протоколот за настава со физичко присуство.<br><br>Настава со физичко присуство може да реализираат само училиштата кои имаат добиено согласност од Владата. Сите останати училишта наставата ја спроведуваат преку систем на учење од далечина. За таа цел Владата на првата седница донесе и Решение за назначување на членови и нивни заменици на Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство.<br><br>На третата седница на Владата, одржана на 3.9.2020 донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, согласно кој е уредено дека во услови на вонредни околности: учебната година може да започне и заврши и во време различно од времето утврдено во ЗСО, за што одлучува Владата, бројот на наставните денови во учебната година може да биде помал од 180, но не помалку од 100 наставни денови, за што одлучува Владата, во средното училиште може да се организира настава со физичко присуство на учениците или преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација и | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сл.<br>.<br>Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование, Владата на шестата седница одржана на 27.9.2020, донесе:<br>Уредба за начинот на организирање и реализирање на наставата во услови на вонредни околности во основните и средните училишта (Службен весник 232/20);<br>Одлука за утврдување на максималниот број на ученици во паралелка во средните училишта во услови на вонредни околности (Службен весник 232/20) согласно која во услови на вонредни околности во средните училишта во кои наставата се реализира со физичко присуство на учениците, максималниот број на ученици во паралелка е 20 ученика и<br>Одлука за траење на наставниот час во услови на вонредни околности во средните училишта (Службен весник 232/20) согласно која во услови на вонредни околности наставниот час во средните училишта трае 35 минути во наставата со физичко присуство или 35 минути со пет минути приклучување на националната платформа за настава преку далечинско учење.<br><br>Владата на Шестата седница, одржана на 27.9.2020 ги разгледа и усвои поединечните протоколи за постапување во средно образование за ученици со | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | посебни образовни потреби на ДУЦОР „Партенија Зографски“ – Скопје и ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ – Скопје.<br><br>Владата на Втората седница, одржана на 3.9.2020 го усвои Протоколот за постапување на средните училишта во кои се реализира стручно образование и обука за спроведување на практичната настава со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година; Општиот Протокол за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријалната практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач и Протоколите за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријалната практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач во секторот машинство, секторот земјоделие, рибарство и ветерина, секторот хемија и технологија и секторот лични услуги<br><br>Министерството на дневна основа ги следеше состојбите со бројот на заразени ученици и наставници во наставата со физичко присуство и во целата држава тој беше помал од 1 процент. Ова се факти кои зборуваат дека немаше интерно ширење на вирусот во училиштата, дека образовниот систем беше стабилен и училиштата ги почитуваа мерките и здравствените протоколи<br><br>МОН, општините, директорите на училиштата, бизнис заедницата и | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | партнерските организации, продолжија да обезбедуваат ИТ уреди за следење на наставата преку далечинско учење.<br><br>Имајќи предвид дека во време на пандемија, психосоцијалната поддршка е најважна за зачувување на менталното здравје на децата, учениците и родителите, од страна на МОН, МЗ и МТСП во соработка со Универзитетската клиника за психијатрија воспоставена е линија за помош на родители, деца и млади, | | |
| **Активности за овозможување на работење на ученичките домови во услови на пандемија** | По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата на седницата, одржана на 30 март 2020 година, донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за ученички стандард за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.84/20 од 30.3.2020)<br><br>Со Уредбата е пропишано дека во ученичките домови може да се остваруваат активности на сместување на лица на кои им е определена мерка строга изолација (карантин) за време на траење на вонредна состојва.<br><br>Владата на Петтата седница, одржана на 22.9.2020 г. усвои Закон за изменување и дополнување на Законот за ученички стандард со кој се уредува дека во услови на вонредни околности на учениците кои конкурирале на конкурсите за сместување во општински односно | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | државни домови и следат настава со физичко или комбинирано присуство, и им се одобрени барањата за сместување во ученички дом, но заради намалениот број на сместувачки легла не може да се сместат во ученички дом, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување, или месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е средното училиште во кое е запишан ученикот.<br><br>Ученикот за оваа цел се пријавуваа на интернет платформата www.digitalizirajse.mon.gov.mk<br><br>Владата на Шестата седница, одржана на 27.9.2020 г. го прифати Протоколот за работа на јавните ученички домови во услови на вирусот Ковид 19. | | |
| **Уредба со законска сила за доделување на финансиски поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба** | На 10.9.2020 на интернет страницата на МОН објавени се Резултатите од јавниот повик за доделување на финансиска поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба | | |
| **Концепт за развивање на систем за образование од далечина во основните и средните училишта во Република Северна Македонија – развој на национална платформа** | Во вториот квартал формирана е Работна група за изготвување на Концепт за развивање на систем за образование од далечина во основните и средните училишта, составена со претставници од МОН, МИОА, БРО, ЦСОО, ДИЦ, наставници од основни и средни | Кризата што настана со ширењето на Ковид-19 ги истакна потребите и предизвиците во такви услови да се обезбеди правото на образование. Оваа криза, освен несигурноста и стравот што го предизвика, поттикна и барање нови решенија за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | училишта, професори од универзитети, меѓународни организации (Уницеф и УСАИД) и граѓанскиот сектор. Работната група изготви предлог концепт кој се фокусира на три аспекта: педагогијата, технологијата и дизајнот на наставните системи коишто ефективно обезбедуваат образование на ученици/студенти кои не се физички „на лице место“ во процесот на стекнување на своето образование. Концептот е донесен од страна на министерот со Решение бр.08-4895/2 од 21.7.2020 година.<br><br>Во текот на месец септември 2020, за учениците кои се приклучуваат на настава преку учење од далечина, започна да се развива национална платформа, која овозможува настава со помош на Microsoft Teams. Во втората половина од месец септември, од страна на МОН и БРО спроведени се обуки за сите наставници. | организација и реализацијата на наставата и учењето. Тоа е едновремено и можност за подобро разбирање на разни аспекти на наставата и учењето и идентификување нови алатки и контексти за поддршка на учењето на сите деца и млади. | |
| **Сеопфатно истражување во основните и средните училишта поврзано со здравствената криза и КОВИД-19** | УНИЦЕФ на 8 октомври организираше вебинар за запознавање со алатката за само-проценка WASH, наменета за училиштата. На вебинарот кој беше поддржан од Министерството за образование и наука, и презентиран од страна на Институтот за јавно здравје, присуствуваа 54 учесници од училиштата и општините кои имаа можност да научат како се користи алатката. Вебинарот го отвори министерот за образование и наука, како институционална поддршка за имплементација на алатката. Онлајн алатката за само-проценка WASH е | Алатката нуди и систем за одржлива соработка помеѓу клучните државни институции во врска со WASH во училиштата, односно соработка меѓу училиштата, општините, МОН преку Државниот просветен инспекторат и Институтот за јавно здравје | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | изработена од страна на УНИЦЕФ и истата е интегрирана во постоечката алатка на Институтот за јавно здравје и во националниот протокол за повторно отворање на училиштата за време на пандемијата со КОВИД-19. | | |
| **Нови можности за изработка на матурска проектна задача, со што се поттикнува креативно и критичко размислување кај учениците и проширена листа на предмети кои се полагаат екстерно (согласно препораките од ОЕЦД)** | ДИЦ и МОН од оваа учебна година, покрај стариот модел на реализација на проектната задача воведоа и нови можности за реализација на истата, базирани на интересите на учениците и на глобалните трендови во образованието, културата и социјалниот живот на младите.<br><br>Во процесот на реализација на проектната задача, матурантите имаат можност да создадат своја идеја во форма на:<br>1. Младинска иницијатива<br>2. Дигитални едукативни и социјални платформи<br>3. Видеоматеријали, кратки филмови, новинарски стории на одредена тема<br>4. Уметничка или сценска изведба<br><br>Покрај оваа измена, испитите од листата за полагање на екстерни предмети, е проширена со уште два нови предмета.<br><br>Во период од 10.11.2020 до 16.11.2020 ДИЦ и МОН реализираа средби на далечина со наставниците од средните училишта, чија цел беше наставниците да се запознаат со иновираната испитна програма за проектна задача. Предавачите ги | Овие проектни задачи овозможуваат разновидност во пристапот и создавање модели кои го поттикнуваат креативниот потенцијал на матурантите и нивното критичко размислување за темите од современото живеење.<br><br>Преку новите можности за реализација на матурската проектна задача, учениците ја покажуваат својата иновативност, креативност, творечки потенцијал, лични комуникациски вештини, младински активизам, свест за општествена одговорност, грижа за околината и помош и поддршка на различни социјални групи. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | информираа учесниците за суштината, значењето на промените во испитната програма за проектната задача, а учесниците имаа можност за разјаснување на дилемите што ги имаа преку директно поставување на прашања до предавачите. | | |
| **Алатката за само-проценка WASH, наменета за училиштата** | УНИЦЕФ на 8 октомври организираше вебинар за запознавање со алатката за само-проценка WASH, наменета за училиштата. На вебинарот кој беше поддржан од Министерството за образование и наука, и презентиран од страна на Институтот за јавно здравје, присуствуваа 54 учесници од училиштата и општините кои имаа можност да научат како се користи алатката. Вебинарот го отвори министерот за образование и наука, како институционална поддршка за имплементација на алатката која сега е задолжителна за сите училишта во земјата. Онлајн алатката за само-проценка WASH е изработена од страна на УНИЦЕФ и истата е интегрирана во постоечката алатка на Институтот за јавно здравје и во националниот протокол за повторно отворање на училиштата за време на пандемијата со КОВИД-19. | Алатката нуди и систем за одржлива соработка помеѓу клучните државни институции во врска со WASH во училиштата, односно соработка меѓу училиштата, општините, МОН преку Државниот просветен инспекторат и Институтот за јавно здравје | |
| **Работна група МОН- Млади** | Првата иницијална средба за формирање на работна група МОН – млади, се одржа на 1.10.2020, на која беше истакнато дека Работната група ќе биде вклучена во креирањето на сите важни политики и процеси поврзани со младите и унапредувањето на младинскиот стандард, како и реформите во | Младите се важен партнер во создавањето на успешни политики, а еден од приоритетите на Министерството е создавањето на квалитетно образование и политики насочени кон младите | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | образованието. На 3.11.2020 се одржа on-line состанок на Работната група, на која беше донесен Деловник за работа и беше избран претседавач.<br><br>Во работната група МОН –МЛАДИ учествуваат претставници на младинските организации, Универзитетско студентско собрание и Сојузот на средношколци. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | „Реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија"<br><br>• Спроведување на реформи во образованието преку обезбедување на еднакво и квалитетно образование за сите и градење на концепт на доживотно учење<br>• Зголемување на ефикасноста и транспарентноста преку нов начин на управување и финансирање на универзитетот со почитување на неговата автономија и достоинството на професорите<br>• Подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата<br>• Почитување на концептот на еднаквост и недискриминација во образовниот систем | |
| **Назив на програма/потпрограма:** КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД<br><br>**Потпрограми:**<br>• Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование<br>• Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики;<br>- Унапредување на содржината во високото образование;<br>- Подобрување на достапноста и | **Одговорен:**<br>Сектор за високо образование, образование<br>Одделение за студентски стандард |

<table>
<tr><td colspan="2">

- Студентски стандард

</td><td>
- системот за запишување во високото образование;<br>
- Подобрување на раководењето и финансирањето на високото образование<br>
- Подобрување на студентскиот стандард (спроведување на мерки за млади)
</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4" align="center">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/Активност:</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td colspan="4">ПОТПРОГРАМА 1: Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование</td></tr>
<tr><td>Мерка: Основање на Агенција за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование и Одбор за евалуација на високото образование<br><br>Предвидени активности:<br>- Номинирање на членови во Одборот за акредитација и Одборот за евалуација од страна на релевантните институции<br>- Службата за општи и заеднички работи при Влада на Република Северна Македонија да обезбеди просторни услови (најмалку 300 м2) за работа на Агенцијата за квалитет на високото образование</td><td>Појдовна основа<br>Со новиот Закон за високо образование се предвидува основање на Национален совет за високо образование, Агенција за квалитет во високото образование, одбор за акредитација и Одбор за евалуација како органи кои значително ќе го подобрат квалитетот на високото образование<br><br>Показател за успешност:<br>Основан е и целосно функционални Национален совет за високото образование, Агенција за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование и Одбор за евалуација на високото образование;</td><td>Мерката е реализирана<br><br>Основани се Одборот за акредитација (Решение за именување на членови од страна на Владата објавено во Службен весник бр.50/20 од 24.2.2020) и Одборот за евалуација (Решение за именување на членови од страна на Владата објавено во Службен весник бр.53/20 од 28.2.2020) на Агенцијата за квалитет.<br><br>На 12.3.2020 одржана е конститутивна седница на одборите, свикана од страна на министерот за образование и наука на кои се избрани претседатели на одборите<br><br>Агенцијата за квалитет на високото образование, привремено е сместена во</td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Вработување на кадар во Агенцијата<br>- Свикување на конститутивната седница на Одборот за акредитација и Одборот за евалуација, од страна на министерот | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Основање на новите тела за подобрување на квалитетот на високото образование | просториите на поранешниот Одбор за акредитација и евалуација на високото образование.<br><br>Во рамки на СКИЛС Проектот спроведена е постапка за набавка на ИТ опрема за потребите на Агенцијата и ангажирани се консултанти за поддршка на работењето на Агенцијата.<br><br>Донесен е Правилник за образецот на извештајот за работата на Одборот за евалуација на високото образование и Правилник за образецот на извештајот за работата на Одборот за акредитација на високото образование, објавени во Службен весник бр. 286/20 од 1.12.2020. | |
| **Мерка: Имплементација на Декларацијата за признавање на високо-образовни квалификации помеѓу земјите од Западен Балкан**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовно учество на состаноците на Работната група за академско признавање на квалификации – RCC<br>- Редовно ажурирање на заедничкиот информациски систем | **Појдовна основа**<br>Во месец јули 2019, претседателите на Владите од шесте земји на Западен Балкан ја усвоија Декларацијата за признавање на високо-образовни квалификации.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрен е академскиот развој и мобилноста на универзитетскиот кадар и студентите во контекст на Европскиот високообразовен простор и меѓународната високообразовна средина<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>На 4 и 5 февруари 2020 во Тирана, претставниците од МОН учествуваа на состанокот на Работната група за признавање на академски квалификации организирана од страна RCC.<br><br>На 28 мај 2020 се одржа on-line состанокот на Работната група за признавање на академски квалификации организиран од страна RCC.<br><br>На 1 и 2 октомври, одржан е состанок | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Имплеметцаија на Декларацијата за признавање на високо-образовни квалификации | на ERIC/NARIC центрите поврзано со постапката за автоматско признавање на високо-образовните квалификации помеѓу земјите од Западен Балкан односно развој на регионална дата база.<br><br>На самитот во Софија на шесте земји од Западен Балкан усвоен е новиот акциски план за периодот 2021-2024 година.<br><br>Од страна на Агенцијата за квалитет, до RCC доставени се потребните документи за заедничкиот информациски систем на шесте земји, во насока на имплементација на обврските од Декларацијата. | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование | | | |
| **Мерка: Утврдување на нов модел за финансирање на високообразовните установи**<br><br>Предвидени активности:<br>- Јавна трибина/ консултации во високо-образовните установи за предлог-моделите за финансирање предложени од консултанот ангажиран во рамки на СКИЛС Проектот. | **Појдовна основа**<br>Високо-образовните установи во Република Северна Македонија се финансираат според застарена Уредба<br><br>**Показател за успешност:**<br>Променет е системот на финансирање на високо-образовните установи (донесена е Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование);<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Одобрен нов модел за финансирање на | **Мерката е делумно реализирана**<br><br><br>Во однос на постапката за ангажирање на консултант за “performance contracts” (дел од моделот за финансирање), истата се уште не е завршена, бидејќи не е пријавен ниту еден кандидат. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | високо-образовните установи | | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Студентски стандард | | | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во студентските домови (реконструкција на студентски домови) и високо-образовни установи**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапка согласно Законот за јавни набавки за набавка на мебел за потребните на студентските домови<br>- Спроведување на постапка согласно Законот за јавни набавки за изработка на техничка документација за санација на Зграда 1 и 2 од СД „Стив Наумов"<br>- Изградба на студентски дом во Тетово<br>- Продолжување со изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и Факултет за физичко образование, спорт и здравје | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на условите за сместување на студентите<br><br>**Показател за успешност:**<br>Број на реконструирани државни студентски домови<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрување на условите за сместување во студентски домови | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки (во кој се вклучени капитални инвестиции) за 2020 година со бр.10-384/1 од 13.1.2020 година<br><br>Во месец февруари, официјално се пуштени во употреба целосно реновираните Блок В и Блок Г, кујна и менза од СД Гоце Делчев, со што овој студентски дом е целосно реновиран<br><br>Во 2020 година продолжи изградбата на нов студентски дом во комплексот на Универзитет Тетово.<br><br>Средствата предвидени за набавка на нова опрема за студентските домови во Планот за јавни набавки за 2020, се пренаменети поради вонредната стостојба прогласена во земјата, и оваа набавка не е спроведена во 2020 година.<br><br>Во однос на<br>- Изградба на објект подземни гаражи и партерно уредување за Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ во Скопје (ФИНКИ) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Изградба на објект Факултет за физичко образование спорт и здравје при УКИМ во Скопје (ФФОСЗ)<br>во 2020 година не се објавени нови постапки, согласно Планот за јавни набаки (февруари 2020)<br><br>Во рамки на Проектот за реновирање на студентските домови (енергетски ефикасни) кој се финансира со заем од KfW, изготвена е тендерска документација за ангажирање на консултант за имплементација (согласно правилата на KfW банката) и во 2020 година завршена епрвата фаза од тендерската постапка - евалуација по однос на понудите за ангажирање на консултант за имплементација (согласно правилата на KfW банката) и извршена е селекција на четири понуди, кои се поканети во втора фаза на селекција (финансиска понуда). | |
| **Мерка: Доделување на стипендии на студенти (студенти со висок просек, студенти од ранливи категории, студенти Роми, студенти од студиски програми математика, физика, хемија, студенти од наставнички факултети...)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за доделување на студентски стипендии за академската | **Појдовна основа:** /<br><br>**Показател за успешност:**<br>Доделени стипендии за студенти<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Континуирана поддршка на студентите преку систем на стипендирање | **Мерката е реализирана**<br><br>Целосно се спроведени:<br><br>Конкурсот за доделување стипендии на редовни студенти Роми запишани на студии од прв циклус на јавните и приватните високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2020/2021 година<br><br>Конкурсот за доделување стипендии на редовни студенти запишани на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2020/2021<br>- Формирање на Работни комисии и разгледување на пристигантите барања<br>- Склучување на договори и исплата на стипендиите | | додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2020/2021 година | |
| **Мерка: Подобрување на инфраструктурните услови на високообразовните установи за пристап на студентите со попреченост**<br><br>Предвидени активности:<br>- Потпишување на Финансиска спогодба од Акциската 2019 (ИПАК со ЕУ Делегација)<br>- Објавување на повик за избор на компанија за реализација | **Појдовна основа:** /<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се инфраструктурните услови на високо-образовните установи за пристап на студентите со попреченост<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Спроведувањето на мерката е во тек**<br><br>Потпишана е финансиската спогодба од Акциската 2019. Во тек е подготвување на техничката документација за спроведување на постапка за избор на изведувач за подобрување на инфраструктурните услови на високо-образовните установи<br><br>Врз основа на извршена консултација со ЕУ Делегација утврден е централизиран пристап во спроведување на постапката. Поконкретно постапката за избор на изведувач за изработка на детална техничката документација и постапката за избор на изведувач за подобрување на инфраструктурните услови на високо-образовните установи, ќе биде спроведена од страна на ЕУ Делегацијата во Скопје.<br><br>Од страна на техничко лице ангажирано во МОН завршен е сумираниот извештај како основа за објава на Јавен оглас/Повик за избор на изведувач за изработка на детална техничката документација. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Од страна на ЕУ Делегација ангажирано е техничко лице кое врз основа на извештајот подготвен од МОН ја подготви техничката документација за објава на тендер. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Мерка: Формирање на Националниот совет за високо образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Номирање на членови во Националниот совет<br>- Формирање на Националниот совет од страна на Собранието на Репубика Македонија<br>- Свикување на конститутивната седница на Националниот совет од страна на министерот | Од страна на Интеруниверзитетската конференција доставени се предлог за членови на Национален совет. Доставен е предлог-член и од страна на деловната заедница. | | Формирање на Националниот совет за високо образование |
| **Мерка: Усвојување на Националната програма за високо образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Национална програма за високо образование од страна на Националниот совет за високо образование<br>- Согласност од министерот надлежен за работите на високото образование<br>- Усвојување на Националната програма за високото | Имајќи предвид дека не е формиран Националниот совет не е донесена Национална програма за високо образование | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| образование од страна на Собранието на Република Северна Македонија | | | |
| **Мерка: Донесување на Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми**<br><br>Предвидени активности л:<br>- Изготвување на предлог правилник од страна на Одборот за акредитација<br>- Донесување на Правилникот од страна на Националниот совет | Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, не е донесен бидејќи сè уште не се формирани Одборот за акредитација (кој го изготвува предлог-правилникот) и Националниот совет (кој го донесува правилникот) | | Формирање на Националниот совет |
| **Мерка: Донесување на Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, усогласен со прифатените стандарди и постапки на водичот (насоките) кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA).**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог правилник од страна на Одборот за евалуација<br>- Донесување на Правилникот од страна на Националниот совет, во согласност со министерот за образование и наука | Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, усогласен со прифатените стандарди и постапки на водичот (насоките) кои се применуваат од Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA)., не е донесен бидејќи сè уште не се формирани Одборот за евалуација (кој го изготвува предлог-правилникот) и Националниот совет (кој го донесува правилникот) | | Формирање на Националниот совет |
| **Мерка; Формирање на стручни** | Не се формирани стручни комисии | | Формирање на Агенцијата за квалитет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **комисии за надворешна евалуација со професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование** (ENQA).<br><br>Предвидени активности:<br>- Номинирање на членови во стручните комисии<br>- Формирање на стручните комисии од страна на Агенцијата за квалитет | бидејќи не е формирана/оперативна Агенцијата за квалитет | | |
| **Мерка: Рангирање на универзитетите запишани во регистарот на високообразовни установи и рангирање на сите самостојни научни установи кои вршат високообразовна дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на план за јавни набавки<br>- Спроведување на постапка согласно ЗЈН за избор на правно лице за спроведување на постапката за рангирање<br>- Рангирање на универзитетите | Предвидена е набаваката во Планот за јавни набавки на МОН за 2020 година<br><br>Во однос на постапката за Рангирање на универзитетите запишани во регистарот на високообразовни установи и рангирање на сите самостојни научни установи кои вршат високообразовна дејност, на 8.10.2020 донесена е Одлука за поништување на постапката поради тоа што не е доставена ниту една пријава на јавниот повик | | |
| **Мерка: Донесување на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, согласно новиот Закон за високото образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Уредба | Уредбата за мерила и критериуми за финансирање на високото образование не е донесена бидејќи сè уште не се формиран Националниот совет за високо образование (кој ја изготвува предлог-уредбата и ја доставува на усвојување до Владата) | | Формирање на Националниот совет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| од страна на Националниот совет за високо образование<br>- Донесување на Уредбата од страна на Владата на Република Македонија | | | |
| **Мерка: Имплементација на новиот модел за финансирање на високообразовните установи**<br><br>Предвидени активности:<br>- Пилотирање на моделот за финансирање | Новиот модел за финансирање на високообразовните установи не е пилотиран, од причина што сѐ уште не е формиран Националниот совет за високо образование (кој ја изготвува предлог-уредбата за мерила и критериуми за финансирање на високото образование) | | Формирање на Националниот совет |
| **Мерка: Унапредување на правото на лицата со инвалидност и други лица за студирање**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Уредба од страна на Националниот совет за високо образование<br>- Донесување на Уредбата од страна на Владата на Република Македонија | Уредбата за унапредување на правото на лицата со инвалидност и други лица за студирање не е донесена бидејќи сѐ уште не се формиран Националниот совет за високо образование (кој ја изготвува предлог-уредбата и ја доставува на усвојување до Владата) | | Формирање на Националниот совет |

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | Вложување во науката, истражувањето и иновациите<br><br>Меѓународна афирмација на науката и иновациите во контекст на европската интеграција на Република Северна Македонија | |
| **Назив на програма/потпрограма:** ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ<br>**Потпрограми:**<br>• Ревизија на правната рамка за истражување и развој | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Ревизија на правната рамка за истражување и развој<br>- Поддршка на политиките за | **Одговорен:**<br>Сектор за наука и иновации<br>Сектор за меѓународна соработка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност<br>• Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување | | „отворена наука“, иновации и трансфер на технологии;<br>- Зголемување на националните средства за истражувачка дејност<br>- Поддршка на активностите на Фонд за иновации и технолошки развој<br>- Зголемено учество на Република Северна Македонија во меѓународните програми за наука и истражување<br>- Зголемено учество на Република Северна Македонија во регионалните иницијативи и билатерални програми за наука и истражување<br>- Зајакнување на соработката во Регионот за намалување на одливот на мозоци | |
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Ревизија на правната рамка за истражување и развој | | | |
| **Мерка: Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на Работна група | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачката дејност е донесен во 2008 година и има 10 измени.<br><br>**Показател за успешност:** | **Мерката е реализирана**<br><br>Законот за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност е донесен од страна на Собранието и објавен во Службен весник бр.257/20 од 29.10.2020 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Консултација со научната јавност<br>- Донесување на Законот од страна на Собранието | Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност | | |
| **Мерка: Стратегија за паметна специјализација (Smart Specialization Strategy – S3)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовни состаноци на Работната група за изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации<br>- Редовни состаноци на Аналитичкиот тим<br>- Изработка на драфт верзија на Стратегијата | **Појдовна основа**<br>Отпочнати се активности за иазработка на Стратегија за паметна специјализација (формирана е Работна група и Аналитички тим)<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подготвена е Стратегија за паметна специјализација (Smart Specialization Strategy – S3) и обезбедени се средства за нејзина имплементација<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвување на предлог текст на Стратегијата за паметна специјализација | **Спроведувањето на мерката е во тек**<br><br>Во текот на 2020 година континуирано се одржуваа состаноци на работната група.<br>Согласно ситуацијата со Корона вирусот, квалитативната анализа која требаше да отпочне во февруари-март беше одложена и започна да се спроведува во третиот квартал. Бидејќи физичкиот контакт со фирмите беше невозможен, беше развиена корегирана методологија од страна на DG JRC и интервјуата се водеа користејќи дигитални технологии. Исто така, во прашалниците беа вклучени и прашања за влијанието и промените кои настанаа со појава на пандемијата од аспект на ланци на добавувачи, понуда и побарувачка, иновации, нови приоритети во секторите и сл. ГИЗ ќе ја поддржи изработката на алатката за комуникација со бизнис секторот за да се овозможи дигитално собирање и обработување на податоците. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Изготвување на предлог - Национален патоказ за истражувачка инфраструктура** (National Research Infrastructure Roadmap)<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовни состаноци на работната група<br>- Изготвување на предлог Национален патоказ за истражувачка инфраструктура од страна на Работната група<br>- Консултации со научните и високо-образовните установи<br>- Донесување на Националниот патоказ од страна на министерот | **Појдовна основа**<br>Формирана е работна група за изготвување на Национален патоказ за истражувачка инфраструктура<br><br>**Показател за успешност:**<br>Изготвен е Национален патоказ за истражувачка инфраструктура<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесување на Национален патоказ за истражувачка инфраструктура | **Спроведувањето на мерката е во тек**<br><br>Продолжија активностите на Работната група за изготвување на предлог - Национален патоказ за истражувачка инфраструктура (National Research Infrastructure Roadmap).<br><br>Од страна на професорите на ФИНКИ, членови на Работната група изготвен е предлог прашалник за високо-образовните и научните установи.<br><br>Во четвртиот квартал започнати се активности, со поддршка на RCC и ангажираните експерти, за изготвување на Национален патоказ за истражувачка инфраструктура (National Research Infrastructure Roadmap). Од страна на МОН доставен е прашалник до сите високо-образовни и научни установи, кои пак номинираа контакт лица за оваа активност. | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност | | | |
| **Мерка: Доделување на финансиски средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни | **Мерката е реализирана**<br><br>Целосно се спроведени постапките по објавените конкурси:<br><br>Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Показател за успешност:** /<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавени се јавните повици за доделување на финансиски средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата | за 2020 година<br><br>Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2020 година<br><br>Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2020 година<br><br>На 25.12.2020 објавен е Конкурс за доделување на државната награда „Гоце Делчев" во 2021 година. Со наградата, која се доделува за научна книга или дело објавено во 2020 година, се оддава општествено признание за особено значајно остварување од интерес на Република Северна Македонија во областа на науката | |
| **Мерка: Доделување на финансиски средства за објавени научно-истражувачки трудови од домашни автори во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор).**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е реализирана**<br><br>На 21 април 2020, на веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2019 година. Крајниот рок за пријавување беше до 15.9.2020 г. Комисијата направи евалуација на пристигнатите апликации и објавени се резултатите (4.2.2021) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| апликации | Објавен е јавниот повик за доделување на финансиски средства за објавени научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание | | |
| **Мерка: Доделување на надомест на средства за објавување на трудови преку Јавен повик**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е јавниот повик за доделување на надомест на средства за објавување на трудови преку Јавен повик | **Мерката е реализирана**<br><br>На 28.12.2020 на веб страната на МОН објавено е Решението за финансирање на надомест на средства платени за објавување на научни трудови во списанија со фактор на влијание реферирани во базите на Web of Science или Scopus за 2018, 2019 и 2020 година, со кое одобрени се 10 барања (од пристигнатите 15 апликации) | |
| **ПОТПРОГРАМА 3**: Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување | | | |
| **Мерка: Наменски работилници за учество во програмите Хоризонт 2020 (Хоризонт Европа)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Консултативно-советодавни средби со потенцијални апликанти | **Појдовна основа**<br>Искористеноста на средствата од Програмата Хоризонт 2020, не е на задоволително ниво и постои простор за подобрување<br><br>**Показател за успешност:**<br>Спроведени се промотивни активности за промоција на Работните програми Х2020 (Хоризонт Европа) и одржани се наменски работилници за | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Од страна на МОН редовно се споделуваат сите повици за учество во Програмата Хоризонт 2020.<br><br>Во текот на 2020 се одржуваа редовни состаноци на Western Balkans Steering Platform. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | подобрување на квалитетот на предлог проектите пред нивното аплицирање;<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Зголемен процент на искористеност на средствата од Програмата Хоризонт 2020 | На 8 јуни на веб страната на МОН објавени се пет Повици за КОВИД 19 и Листа на ЕУ институции кои бараат партнери и изразуваат интерес за учество во конзорциуми за повиците<br><br>На 28.10.2020 на веб страната на МОН објавен е Отворениот повик за регистрација на IV RICH-2 симпозиум под наслов „Истражувачки инфраструктури како мотори за максимизирање на влијанието на Хоризонт Европа“, кој се одржа виртуелно на 12-13 ноември 2020 година, како и Отворен повик за пристап до лабораторијата за нанобиотехнологија во рамки на Заедничкиот истражувачки центар (Joint Research Center-JRC) на Европската комисија во Испра, Италија<br><br>На 26.11.2020 се одржа инфо ден на програмата за вмрежување во науката во Европа - COST (Cooperation in Science and Technology in Europe)<br>Паралелно се организираа промотивни активности за новата Програма Хоризонт Европа (2021-2027)<br><br>Врз основа на заклучок од 77-та седница на Владата (одржана на 21.7.2020) МОН на 5.8.2020 испрати писмо до ЕК за изразување интерес за учествува на Република Северна Македонија во следната рамковната | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | програма за истражување и иновации „Хоризонт Европа“ ( период 2021-2027). | |
| **Мерка: Поддршка во работењето на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEIIST)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Учество на состаноците на Управниот комитет на Институтот | **Појдовна основа**<br>Република Северна Македонија е учесник во Регионалниот проект на ЈИЕ, за основање на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEIIST) и е член на Работната група во рамки на RCC за отворена наука<br><br>**Показател за успешност:**<br>Активно учество во работењето на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEIIST)<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Интензивирање на активностите на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEIIST), во насока на зголемена соработка во областа на науката, медицината, технологијата и индустријата, како и образование и обука на научници, инжинери и талентирани млади луѓе врз основа на размена на знаење и know-how и технологија од европските центри. | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Во месец јануари 2020, се одржа 7-от состанок на Управниот комитет на Институтот, на кој учествуваа и претставнците од МОН.<br><br>На 15.5.2020 претставници на Меѓународниот институт учествуваа на конференцијата за ESFRI (European Research Infrastructures for a Smarter Future), организирана во рамки на хрватското претседателство со ЕУ.<br><br>На 28.5.2020 објавен е Повик за искажување на интерес за учество во процесот на воспоставување на Институтот (конкретно на Центарот со биомедицинска намена, т.е. лекување на канцер со хадронска терапија).<br><br>На 23 јули 2020 European Network for Light Ion Hadron Therapy (ENLIGHT) организираше посебна конференција за претставување на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа SEEIST.<br><br>На 09.09.2020 година тимот на научниците што работат на развојниот проект SEEIIST поднесе апликација за ЕСФРИ-патоказот преку кој од Европската Комисија побарува | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | финансиска помош од 240 милиони евра за изградба и опремување на SEEIIST.<br><br>На 11.12.2020 се одржа состанок на SEEIIST Асоцијацијата<br><br>На 30-та седница на Владата, одржана на 15.12.2020 разгледана и усвоена е Информација за оправданоста и придобивките од реализација на иницијативата за изградба на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEEIIST) на територијата на Република Северна Македонија. | |
| **Мерка: Финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти**<br><br>Предвидени активности:<br>- Финансирање на веќе одобрените проекти<br>- Склучување на Договор со нови земји за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти<br>- Објава на повик за финансирање на нови проекти, врз основа на веќе склучени договори | **Појдовна основа**<br>Склучени се договори со неколку земји за финансирање на заедничко билатерални научно-истражувачки проекти.<br><br>**Показател за успешност**:<br>Зголемен е бројот на финансирани билатерални научно-истражувачки проекти;<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавени повици за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Во 2020 година продолжи спроведувањето на научните билатерални проекти со НР Кина и Австрија.<br><br>Рокот за научните билатерални проекти со Австрија кој требаше да истече на 30 јуни 2020 е пролонгиран од двете земји, поради пандемијата до 31.12.2020.По однос на новиот повик за периодот 2021-2022 година, одлучено е од страна на двете земји истиот да се објави на почетокот на 2021 година<br><br>Во однос на билатералната соработка | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | со Кина, во третиот квартал одобрени се 20 нови проекти за периодот 2020-2021 година.<br><br>Во четвртиот квартал од годината финализиран е текстот на Меморандумот за разбирање меѓу Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерство за наука и технологија на Народна Република Кина за заедничко финансирање на проекти за истражување и развој (потпишан на 28.1.2021)<br><br>Во четвртиот квартал од 2020 година, се спроведоа финални консултации по однос на Договорот за соработка за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти.помеѓу Република Северна Македонија и Република Франција. | |
| **Мерка: Учество во Работната група на RCC за отворена наука**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовно учество на состаноците на Работната група | **Појдовна основа**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Активно учество во работата на телата на Европската истражувачка област (European Research Area – ERA) и во Програмските комитети на Хоризонт 2020 и Хоризонт Европа;<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Редовно учество на состаноците на Работната група за отворена наука | Претставниците од МОН, редовно учествуваа на состаноците на Работната група за отворена наука.<br>Во текот на месец октомври, финалиизран и усогласен е текстот на Протоколот за отворен пристап до истражувачката инфраструктура во Западен Балкан помеѓу шесте земји. Информацијата со Протоколот е разгледана на 17-та седница на Владата, одржана на 3.11.2020. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | (RCC) | Протоколот е официјално усвоен од страна на Претседателите на Владите на шесте земји од ЗБ на самитот одржан во Софија на 10.11.2020<br><br>По однос на повикот на RCC за поддршка на високо-образовни и научни установи од шесте земји на ЗБ за кои ќе се обезбеди поддршка од консултанти за изготвување и донесување на Политики за отворена наука, одобрени се барања на три високо-образовни институции од земјата, кои станаа и членки на Асоцијакцијата за отворена наука на Западен Балкан. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Мерка: Формирање на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Номирање на членови во Националниот совет<br>- Формирање на Националниот совет од страна на Собранието на Репубика Македонија<br>- Свикување на конститутивната седница на Националниот совет од страна на министерот | Од страна на Интеруниверзитетската конференција доставени се предлог за членови на Национален совет за дел од научните области. Се чека номинација од научно-истражувачките полиња: Медицински науки и здравство. Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), донесе решение за суспендирање на сите одлуки донесени од оваа конференција како и министерот да ги поништи одлуките за избор на членови во Националниот совет за високото образование, одборот за акредитација и одборот за | Доколку не биде формиран Националниот совет за високо образование, ќе биде одложено и донесувањето на сите поважни подзаконски акти и програми, со кои треба да се подобри квалитетот на високото образование | Да продолжат постапките за номинирање на членови во Националниот совет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | евалуација.<br><br>Предлог член е доставен и од страна на деловната заедница. | | |
| **Мерка: Усвојување на Националната програма за научно-истражувачката дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Национална програма од страна на Националниот совет<br>- Согласност од министерот надлежен за работите на високото образование<br>- Усвојување на Националната програма од страна на Собранието на Република Македонија | Имајќи предвид дека не е формиран Националниот совет, не е изготвена и усвоена Национална програма за научно-истражувачката дејност | | Формирање на Националниот совет |
| **Мерка: Донесување и имплементација на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Јавна трибина/ консултации во високо-образовните и научните установи за предлог-моделите за финансирање предложени<br>- Изготвување на предлог Уредба од страна на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност<br>- Донесување на Уредбата од | Уредбата за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност не е донесена бидејќи сè уште не се формиран Националниот совет (кој ја изготвува предлог-уредбата) | | Формирање на Националниот совет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| страна на Владата на Република Северна Македонија | | | |
| **Мерка: Утврдување на приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој страна на Националниот совет<br>- Донесување на предлог приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој од страна на Владата | Не се утврдени приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој бидејќи сè уште не е формиран Националниот совет (кој го утврдува предлогот) | | Формирање на Националниот совет |
| **Мерка: Основање на Националната канцеларија за трансфер на технологии**<br><br>Предвидени активности:<br>- Разгледување на формите за основање на НКТТ согласно извештајот од консултантот<br>- Распишување на Конкурс за избор на директор<br>- Основање на НКТТ | Во тек е консултатитивен процес со сите засегнати чинители за начинот на формирање на НКТТ, согласно дадената препорака во рамки на концепт за основање на Научно-технолошки парк. | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН** | | | |
| **Потпишан Меморандум за соработка со ЦЕРН** | На 24.2.2020, во ЦЕРН, потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ЦЕРН. Во име на Владата, Меморандумот беше | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | потпишан од страна на министерот за образование и наука | | |
| **Учество во EOSC – отворена наука** | МОН достави до ЕК – Директорат за истражување и иновации, номинација на член и заменик член на Управниот комитет на EOSC (Европски облак за отворена наука)<br><br>На 6.4.2020 на веб страната на МОН, согласно одлуките на Европската Комисија преку EOSC (European Open Science Cloud) објавен е повик до домашните научни истражувачи и високообразовни/научни установи за воспоставување Европска платформа за податоци за борба против COVID-19 пандемијата. | | |
| **Приклучување кон иницијативата на УНЕСКО за градење на платформа за отворена наука, поврзана со Ковид 19** | МОН официјално се приклучи на иницијативата на УНЕСКО за градење на платформа за отворена наука – Ковид 19, со што Република Северна Македонија зема активно учество во размена на искуства и научни истражувања помеѓу сите земји членки на УНЕСКО поврзано со Ковид 19 | | |
| **Учество во Програмата на НАТО - Наука за мир и безбедност (Science for Peace and Security - SPS) Programme)** | Република Северна Македонија доби можност да биде дел од Програмата на НАТО - Наука за мир и безбедност, заедно со останатите НАТО земји членки и земји партнери на НАТО.<br><br>Рокот за аплицирање е до 15.1.2021 година | Преку учество во оваа Програма, македонските експерти и научници ќе можат да бидат дел од иновативните решенија за денешните безбедносни предизвици и да работат рамо до рамо со експерти, научници и официјални лица од НАТО земјите членки и земјите партнери на НАТО, на активности поврзани со безбедноста во форма на 4 воспоставени механизми за грант | |

<table>
<tr><td colspan="2">Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:<br><br>Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:</td><td colspan="2">„Вложување во науката, истражувањето и иновациите”<br><br>• Спроведување на реформи во образованието преку обезбедување на еднакво и квалитетно образование за сите и градење на концепт на доживотно учење</td></tr>
<tr><td colspan="2">Назив на програма/потпрограма: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ<br><br>Потпрограми:<br>• Развој на неформалното образование на возрасните<br>• Формално образование на возрасните<br>• Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување</td><td>Цел на програмата/потпрограмите:<br>- Зголемување на квалитетот на неформалното образование;<br>- Оформување на средно стручно образование на возрасни;<br>- Валидација на неформалното и информалното учење</td><td>Одговорен:<br>Центар за образование на возрасни</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/Активност:</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td colspan="4">ПОТПРОГРАМА 1: Развој на неформалното образование на возрасните</td></tr>
<tr><td>Мерка: Формирање на комисии за верификација на програми<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на комисии во рамки на ЦОВ, врз основа на поднесени барања од установи и институции за образование на возрасните</td><td>Појдовна основа<br>Владата на седницата одржана на 10.12.2019 донесе нов Закон за образование на возрасни, кој е доставен во собраниска процедура на усвојување. Со новиот закон се уредува за прв пат постапката за валидација на неформално и информално учење.<br><br>Со предложените измени во новиот закон се унапредува процесот на верификација на посебните програми</td><td>Мерката е реализирана<br><br>Активностите континуирано се спроведуваа, а комисии се формираа врз основа на пристигнати барања за верификација на установи за образование на возрасни, но со намален интензите поради пандемијата</td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за образование на возрасните, како и на улогата, целите и задачите на Центарот за образование на возрасните.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Зголемен број на верификувани програми за образование на возрасните<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Формирани се комисии за верификација на програми за образование на возрасни | | |
| **Мерка: Формирање на комисии за верификација на установи и институции за образование на возрасните**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на комисии во рамки на МОН, врз основа на поднесени барања од установи и институции | **Појдовна основа**<br>Владата на седницата одржана на 10.12.2019 донесе нов Закон за образование на возрасни, кој е доставен во собраниска процедура на усвојување. Со новиот закон се уредува за прв пат постапката за валидација на неформално и информално учење.<br><br>Со предложените измени во новиот закон се унапредува процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасните, како и на улогата, целите и задачите на Центарот за образование на возрасните.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Зголемен број на верификувани институции и установи за образование | **Мерката е реализирана**<br><br>Активностите континуирано се спроведуваа, а комисии се формираа врз основа на пристигнати барања за верификација на установи за образование на возрасни, но со намален интензитет поради пандемијата | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на возрасните<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Формирани се комисии за верификација на установи за образование на возрасни | | |
| **Мерка: Изготвување и донесување на соодветна правна и финансиска основа за спроведување на валидација на неформалното и информалното учење (ВНИУ)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на нов Закон за образование на возрасни од страна на Собранието | **Појдовна основа**<br>Со предложените измени во новиот закон се унапредува процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасните, како и на улогата, целите и задачите на Центарот за образование на возрасните.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Воспоставен систем за валидација на неформално и информално учење<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е нов Закон за образование на возрасни | **Спроведувањето на мерката е во тек**<br><br>Во четвртиот квартал Законот за образование на возрасни е финализиран и усогласен со сите засегнати страни и е доставен во владина процедура на усвојување (на 28.12.2020). Законот е усвоен од страна на Владата на 41-та седница од 26.1.2021) | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Формално образование на возрасните | | | |
| **Мерка: Оформување на средно стручно образование на возрасните**<br><br>Предвидени активности за прв квартал:<br>- Соработка на ЦОВ со единиците на локална самоуправа<br>- Акредитација на средни училишта и приватни установи | **Појдовна основа:**<br>Согласно Законот за образование на возрасни, Формалното образование на возрасните е институционализирано образование кое се спроведува во државни и приватни установи и институции како редовно и вонредно образование, според соодветни наставни планови и програми. | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Мерката континуирани се спроведуваше во првиот квартал од годината. Со настанување на вонредната состојба мерката продолжи со имплементација, со инструктивно-консулативна настава (со физичко | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за спроведување на формално образованиие на возрасни | **Показател за успешност:**<br>Зголемување на бројот на учесници со завршено средно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведено е формално образование на возрасни од страна на ЦОВ во минимум пет општини | присуство следејќи ги протоколите или преку on-line) | |
| **Мерка: Стручен надзор на понудувачи на услуги**<br><br>Предвидени активности за прв квартал:<br>- Спроведување на континуиран надзор врз понудувачите на услуги | **Појдовна основа: /**<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Мерката континуирано се спроведуваше во текот на 2020 година | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Мерка: Градење капацитети и институционална поддршка за спроведување на ВНИУ**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на подзаонски акти кои се однесуваат на ВНИУ, согласно новиот Закон за образование на возрасни<br>- Објавување на повик од страна на ЦОВ<br>- Акредитација на понудувачи на услуги за валидација од страна на МОН | Имајќи предвид дека Законот за образование на возрасните е усвоен од страна на Владата во месец јануари 2021, и се уште не е донесен од страна на Собранието, не може да се донесат подзаконските акти кои се однесуваат на ВНИУ, да се спроведе акредитација на понудувачи на услуги за валидација и да се воспостави Регистарот | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Изготвување на Регистар на акредитирани понудувачи на валидација | | | |

## 2.2 Оценка на спроведување на Годишната програма на Владата за 2020 година

| **Иницијативи во надлежност на МОН кои се доставени до Владата, согласно Годишната програма за работа на Владата** | |
|---|---|
| Именување на предлог членови на Одборот за акредитација на високото образование – рок февруари 2020 | Владата донесе Решение за именување на членови на Одборот за акредитација на високото образование, на својата 7-ма седница одржана на 10.1.2020 година. Решението е објавено во Службен весник бр.50/2020 од 24.2.2020 година |
| Именување на предлог членови на Одборот за евалуација на високото образование – рок февруари 2020 | Владата донесе Решение за именување на членови на Одборот за акредитација на високото образование, на својата 7-ма седница одржана на 10.1.2020 година. Решението е објавено во Службен весник бр.53/2020 од 28.2.2020 година |
| Предлог одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија, за академската 2020/2021 на прв циклус на студии | Донесена на 61-та седница, одржана на 5.6.2020 година |
| Предлог одлука за дополнителните квоти за запишување на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, за академската 2020/2021 на прв циклус на студии | Донесена на 61-та седница, одржана на 5.6.2020 година |
| Предлог одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија, за академската 2020/2021 на втор циклус на студии | Донесена на 70-та седница на Владата од 19.6.2020 |
| Предлог одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија, за академската 2020/2021 на трет циклус на студии | Донесена на 70-та седница на Владата од 19.6.2020 |
| Предлог - одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2020/2021 година | Донесена на 70-та седница на Владата од 19.6.2020 |
| Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2021 година - рок јуни 2020 | Усвоена на 4-та седница на Владата од 14.9.2020 |
| Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2021 година - | Усвоена на 9-та седница на Владата од 6.10.2020 |

| | |
|---|---|
| рок јуни 2020 | |
| Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средно образование по општини и Градот Скопје за 2021 година - рок јуни 2020 | Усвоена на 9-та седница на Владата од 6.10.2020 |
| Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност - рок јуни 2020 | Законот за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност е утврден на 13-та седница на Владата, одржана на 13.10.2020, усвоен е од страна на Собранието и објавен во Службен весник бр.257 од 29.10.2020 |
| Програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година - рок декември 2020 | Донесена на 37-та седница на Владата од 5.1.2021 |
| Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година - рок декември 2020 | Донесена на 37-та седница на Владата од 5.1.2021 |
| Програма за научно-истражувачката дејност за 2021 година - рок декември 2020 | Донесена на 37-та седница на Владата од 5.1.2021 |
| Програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година | Донесена на 39-та седница на Владата од 16.1.2021 |
| Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година | Донесена на 39-та седница на Владата од 16.1.2021 |
| **Иницијативи во надлежност на МОН кои не се доставени до Владата, а биле предвидени согласно Годишната програма за работа на Владата** | |
| Закон за младински стандард – рок јануари 2020 | Не е изготвен нов предлог Закон за младиснки стандард. Одржани се неколку работни состаноци координирани од Канцеларијата на Претседателот на Владата |
| Именување на предлог членови на Национален совет за високо образование и научно-истражувачката дејност – рок јануари 2020 | Шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, се избираат на предлог на Владата на Република Северна Македонија. Членовите се уште не избрани |
| Закон за средно образование – рок февруари 2020 | Не е изготвен нов текст на Законот за средно образование |
| Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука – рок февруари 2020 | Изготвен е предлог Закон за изменување и дополнување на Закон за стручно образование и обука, но ппради потребата од дополнителна поширока консултација истиот не е доставен во владина процедура на усвојување |
| Информацијата за потребата за изградба на објект за потребите на математичко-информатичка гимназија кој во исто време ќе биде и Научно-истражувачки центар за талентирани ученици во којшто тие ќе можат да совладуваат дополнителни знаења, ќе се подготвуваат за државни и меѓународни натпревари и ќе започнат со посериозна истражувачка работа - рок април 2020 | Информацијата не е доставена во владина процедура имајќи предвид дека е најдено решение за просторно сместување на Математичко-информатичката гимназија за учебната 2020/2021 година во ГУЦ Здравко Цветковски |
| Уредба со која се уредува правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање - рок мај 2020 | Уредбата не е доставена во владина процедура на усвојување бидејќи не е основан Националниот совет за високо образование кој е предлагач на Уредбата |

| | |
|---|---|
| Уредба за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите - рок мај 2020 | Уредбата не е доставена во владина процедура на усвојување бидејќи не е основан Националниот совет за високо образование кој е предлагач на Уредбата |
| Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование во Република Македонија - рок мај 2020 | Уредбата не е доставена во владина процедура на усвојување бидејќи не е основан Националниот совет за високо образование кој е предлагач на Уредбата |
| Закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование - рок мај 2020 | МОН формираше работна група којашто развива концепт за целосна и суштинска промена на наставните и дидактичките материјали за основно и средно образование.<br>Работната група е составена од претставници од Министерството за образование и наука, Педагошката служба, Бирото за развој на образованието како и претставници од меѓународни институции и граѓанскиот сектор. Групата работи на анализа на најдобрите искуства и практики од неколку европски, скандинавски и земји од регионот, врз основа на која ќе се изготви целосно нов систем за унапредување на квалитетот на наставата кој подразбира не само употреба на учебници, туку и изработка и употреба на разни видови на наставни и дидактички материјали за наставниците и учениците.<br>Предлог нов закон е дел од Програма за работа на Влада 2021 со рок февруари 2021 |
| Закон за изменување и дополнување на Законот за изменување и дополнување на Закон за Педагошка служба - рок јуни 2020 | Не се изготвени измени и дополнувања |
| Закон за изменување и дополнување на Законот за национална рамка на квалификации – рок септември 2020 | Не се изготвени измени и дополнувања. Предлог законот е предложен во Програма за работа на Влада 2021 со рок јуни 2021 |
| Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност – рок септември 2020 | Уредбата не е доставена во владина процедура на усвојување бидејќи не е основан Националниот совет за високо образование и научко-истражувачка дејост кој е предлагач на Уредбата. Уредбата е предложена во Програма за работа на Влада 2021 со рок декември 2021 |

| **Иницијативи во надлежност на МОН кои се доставени до Владата, а не биле предвидени согласно Годишната програма за работа на Владата** | |
|---|---|
| Информација за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација (С3) (за период февруари-октомври 2019 година) | Разгледана на 3-та седница на Владата од 14.1.2020 |
| Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2019/2020 година | Донесена на 3-та седница на Владата од 14.1.2020 |
| 18 одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ученичките домови (мебел) | Донесени на 3-та седница на Владата од 14.1.2020 |
| Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (стручна опрема за потребите на СУГС „Шаип Јусуф“- Скопје) | Донесена на 3-та седница на Владата од 14.1.2020 |

| | |
|---|---|
| Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година | Донесена на 4-та седница на Владата од 21.1.2020 |
| 14 одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општини (стручна опрема за потребите на средните стручни училишта) | Донесени на 4-та седница на Владата од 21.1.2020 |
| 2 одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општини (стручна опрема за потребите на средните стручни училишта) | Донесени на 5-та седница на Владата од 28.1.2020 |
| 8 одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на високо-образовни установи (книги од Проектот 1000 книги) | Донесени на 5-та седница на Владата од 28.1.2020 |
| Предлог - одлука за доделување на средства на Државен ученички дом „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод | Донесена на 5-та седница на Владата од 28.1.2020 |
| Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (за Центарот за стручно образование и обука – Скопје) | Донесена на 5-та седница на Владата од 28.1.2020 |
| Информација за приклучување (зачленување) на Република Северна Македонија во Конзорциумот на европски архиви на истражувачки податоци од општествените науки (CESSDA ERIC) и приклучување кон Европското општествено истражување (European social survey- ESS ERIC) | Усвоена на 6-та седница на Владата од 4.2.2020 |
| Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Универзитет „Мајка Тереза” Скопје (книги од Проектот 1000 книги) | Донесена на 6-та седница на Владата од 4.2.2020 |
| 28 одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на високо-образовни установи (книги од Проектот 1000 книги) | Донесени на 7-та седница на Владата од 10.2.2020 |
| Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2020 година (за покривање на дел од трошоците за бесплатен градски превоз на редовните студенти од државните универзитети за академската година 2019/2020 година и дел од трошоците на бесплатен градски превоз на редовните студенти од државните универзитети за академската година 2020/2021) | Донесена на 9-та седница на Владата од 15.2.2020 |
| Предлог - одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година за Православниот Богословски факултет “Св. Климент Охридски” - Скопје придружна членка на Универзитет “Св. Кирил и Методиј” – Скопје | Донесена на 9-та седница на Владата од 15.2.2020 |
| Предлог - одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Факултет за Исламски науки – Скопје | Донесена на 9-та седница на Владата од 15.2.2020 |
| Предлог - одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година | Донесена на 9-та седница на Владата од 15.2.2020 |
| 3 одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општини (стручна опрема за потребите на средните стручни училишта) | Донесени на 9-та седница на Владата од 15.2.2020 |
| 7 одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на високо-образовни установи и општини (книги од Проектот 1000 книги) | Донесени на 9-та седница на Владата од 15.2.2020 |

| | |
|---|---|
| Предлог - одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ – Охрид | Донесена на 9-та седница на Владата од 15.2.2020 |
| Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола (мебел) | Донесена на 15-та седница на Владата од 10.3.2020 |
| Уредба со законска сила за примена на Законот за основно образование за време на вонредна состојба | Донесена на 26-та седница на Владата од 23.3.2020 |
| Уредба со законска сила за примена на Законот за средно образование за време на вонредна состојба | Донесена на 26-та седница на Владата од 23.3.2020 |
| Уредба со законска сила за примена на Законот за високо образование за време на вонредна состојба | Донесена на 26-та седница на Владата од 23.3.2020 |
| Уредба со законска сила за примена на Законот за ученички стандард за време на вонредна состојба | Донесена на 31-та седница на Владата од 30.3.2020 |
| Уредба со законска сила за примена на Законот за студентски стандард за време на вонредна состојба | Донесена на 31-та седница на Владата од 30.3.2020 |
| Програма за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година | Донесена на 31-та седница на Владата од 30.3.2020 |
| Програма за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година | Донесена на 31-та седница на Владата од 30.3.2020 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Валандово (книги - за потребите на Градска библиотека – Валандово) | Донесена на 37-та седница на Владата од 7.4.2020 |
| Одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Министерство за образование и наука | Донесена на 37-та седница на Владата од 7.4.2020 |
| Информација за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор изградба на крило и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на крило за ОУ „Тихомир Милошевски“ с.Волково (Новоселски пат), Општина Ѓорче Петров, Скопје | Усвоена на 37-та седница на Владата од 7.4.2020 |
| Одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година за Православниот Богословски факултет “Св. Климент Охридски” - Скопје придружна членка на Универзитет “Св. Кирил и Методиј” – Скопје | Донесена на 38-та седница на Владата од 8.4.2020 |
| Одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Факултет за Исламски науки - Скопје | Донесена на 38-та седница на Владата од 8.4.2020 |
| Одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година | Донесена на38-та седница на Владата од 8.4.2020 |
| Програма за изменување на Програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2020 година | Донесена на 47-та седница на Владата од 28.4.2020 |
| Програма за изменување на Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година | Донесена на 47-та седница на Владата од 28.4.2020 |
| Информација со сет мерки од областа на образованието (спроведување на едукативен процес во услови на covid-19 кризата) | Усвоена на 48-та седница на Владата од 30.4.2020 |
| Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба | Донесена на 49-та седница на Владата од 5.5.2020 |
| Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба | Донесена на 49-та седница на Владата од 5.5.2020 |
| Уредба со законска сила за примена на законот за наставниците и стручните соработници во основните и | Донесена на 49-та седница на Владата од 5.5.2020 |

| | |
|---|---|
| средните училишта за време на вонредна состојба | |
| Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба | Донесена на 49-та седница на Владата од 5.5.2020 |
| Информација за продолжување на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации | Усвоена на 49-та седница на Владата од 5.5.2020 |
| Информација за враќање на одобрени средства од Буџетот на Министерството за образование и наука за 2020 година | Усвоена на 50-та седница на Владата од 8.5.2020 |
| Информација за исплата на членарина за меѓународниот центар за генетско инжинерство и биотехнологија (ICGEB), Трст Италија | Усвоена на 50-та седница на Владата од 8.5.2020 |
| Информација за потреба од дообезбедување на финансиски средства со цел донесување на одлука за најповолен понудувач и склучување на повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ Наим Фрашери), Општина Тетово | Условно усвоена на 50-та седница на Владата од 8.5.2020 |
| Уредба со законска сила за примена на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење | Донесена на 51-та седница на Владата од 12.5.2020 |
| Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба | Донесена на 54-та седница на Владата од 17.5.2020 |
| Уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба | Донесена на 54-та седница на Владата од 17.5.2020 |
| Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредна состојба | Донесена на 54-та седница на Владата од 17.5.2020 |
| Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба | Донесена на 56-та седница на Владата од 22.5.2020 |
| Информација за потреба од дополнително дообезбедување на финансиски средства со цел донесување на одлука за најповолен понудувач и склучување на повеќегодишен договор за изградба на нов училишен објект во КО Мала Речица (за ООУ Наим Фрашери), Општина Тетово | Усвоена на 56-та седница на Владата од 22.5.2020 |
| Информација за донесување на протокол за утврдување на процедурата за запишување на ученици во прво одделение во основните училишта | Усвоена на 58-та седница на Владата од 29.5.2020 |
| Информација за донесување на протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за време на запишувањето на ученици во прва година во учебната 2020/2021 година | Усвоена на 58-та седница на Владата од 29.5.2020 |
| Информација за донесување на протокол за постапување на Математичко-информатичката гимназија за време на полагање на приемниот испит на учениците во учебната 2020/2021 година | Усвоена на 58-та седница на Владата од 29.5.2020 |
| Информација за донесување на протокол за утврдување и постапување на јавните и приватните високообразовни установи, односно единиците во состав при изведување на испитите | Усвоена на 58-та седница на Владата од 29.5.2020 |
| Информација за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор изградба на крило и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на крило за ОУ „Тихомир Милошевски“ с.Волково (Новоселски пат), Општина Ѓорче Петров, | Усвоена на 58-та седница на Владата од 29.5.2020 |

| | |
|---|---|
| Скопје | |
| Информација за добивање на одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишен договор изградба на крило и повеќегодишен договор за стручно технички надзор при изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Бероски“ нас.Хром Општина Ѓорче Петров, Скопје | Усвоена на 58-та седница на Владата од 29.5.2020 |
| Уредба со законска сила за изменување и дополнување на уредбата со законска сила за примена на законот за високото образование за време на  вонредна состојба | Донесена на 61-та седница на Владата од 5.6.2020 |
| Информација за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација (С3) (за период октомври 2019 – мај 2020 година), со Рамка за процесот на развивање Стратегија за паметна специјализација | Усвоена на 63-та седница на Владата од 9.6.2020 |
| Информација за реализација на феријалната практика за учениците во средното стручно образование во учебната 2019/2020 година | Усвоена на 65-та седница на Владата од 12.6.2020 |
| Информација за одложена имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование од учебната 2021-2022 година | Усвоена на 65-та седница на Владата од 12.6.2020 |
| Информација за реализација на мерката 1.3 од Третиот сет економски мерки за ревитализирање и рестарт на економијата во услови на COVID-19 | Усвоена на 66-та седница на Владата од 13.6.2020 |
| Уредба со законска сила за доделување на финансиски поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба | Донесена на 66-та седница на Владата од 13.6.2020 |
| Уредба со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот за време на вонредна состојба | Донесена на 66-та седница на Владата од 13.6.2020 |
| Уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба | Донесена на 66-та седница на Владата од 13.6.2020 |
| Информација за давање мислење за основање на основно училиште „Перпарими“ с.Крушопек во општина Сарај | Усвоена на 66-та седница на Владата од 13.6.2020 |
| Информација за давање мислење за основање на основно училиште „Лирија “ с.Бузалково - општина Велес со две подрачни училишта во с.Сливник и с.Бузалково | Усвоена на 66-та седница на Владата од 13.6.2020 |
| Програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година | Донесена на 70-та седница на Владата од 19.6.2020 |
| Програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскот стандард за 2020 година | Донесена на 70-та седница на Владата од 19.6.2020 |
| Информација за давање позитивно мислење за основање на општинско основно музичко училиште „Општинско основно музичко училиште - Струга“ во општина Струга | Усвоена на 71-та седница на Владата од 22.6.2020 |

| | |
|---|---|
| 33 одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на високо-образовни установи (книги од Проектот 1000 книги) | Донесени на 73-та седница на Владата од 30.6.2020 |
| Информација за пристапување на Република Северна Македонија кон европската рамковна програма за истражување и иновации „Хоризонт Европа" (2021-2027) | Усвоена на 77-та седница на Владата од 21.7.2020 |
| Одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија | Донесена на 78-та седница на Владата од 28.7.2020 |
| Одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година | Донесена на 78-та седница на Владата од 28.7.2020 |
| Информација со План за одржување на наставата во училиштата во учебната 2020/2021 година | Разгледана на 80-та седница на Владата од 11.8.2020 |
| Дополнета информација со План за одржување на наставата во училиштата во учебната 2020/2021 година | Разгледана на 81-та седница на Владата од 18.8.2020 |
| Информација за формирање на Работна група за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство со Протокол за за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година и Протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година | Усвоена на 82-та седница на Владата од 26.8.2020 |
| Информација за реализација на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година (со прилог План, Протоколи за основно и средно образование и Алгоритам) | Усвоена на 1-та седница на Владата од 1.9.2020 |
| Решение за назначување на членови и нивни заменици на Комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство. | Донесено на 1-та седница на Владата од 1.9.2020 |
| Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование | Усвоен на 2-та седница на Владата од 3.9.2020 |
| Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование | Усвоен на 2-та седница на Владата од 3.9.2020 |
| Одлука за дополнување на Одлуката за формирање на комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство | Усвоена на 3-та седница на Владата од 9.9.2020 |
| Решение за изменување на решението за назначување на членови и нивни заменици на комисија за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство | Донесено на 3-та седница на Владата од 9.9.2020 |
| Извештај за завршени преговори и за склучување на Спогодба за соработка во областа на образованието, културата, уметностите и спортот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Мексикански Држави, со усогласен текст на Спогодба | Усвоен на 4-та седница на Владата од 14.9.2020 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Центар (опрема за училници за потребите на ОУ „Киро Глигоров") | Донесена на 4-та седница на Владата од 14.9.2020 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Битола (за потребите на СОУ „Таки Даскало") | Донесена на 4-та седница на Владата од 14.9.2020 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Прилеп (за потребите на СОУ „Ристе Ристески- Ричко") | Донесена на 4-та седница на Владата од 14.9.2020 |

| | |
|---|---|
| Закон за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, по скратена постапка | Усвоен на 4-та седница на Владата од 14.9.2020 |
| Закон за дополнување на Законот за студентскиот стандард | Усвоен на 5-та седница на Владата од 22.9.2020 |
| Закон за дополнување на Законот за ученичкиот стандард | Усвоен на 5-та седница на Владата од 22.9.2020 |
| Уредба за начинот на организирање и реализирање на наставата во вонредни околности во основните и средните училишта | Усвоена на 6-та седница на Владата од 27.9.2020 |
| Информација за усвојување протоколи за постапување на посебните основни училишта за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/21 година | Усвоена на 6-та седница на Владата од 27.9.2020 |
| Информација за реализација на наставата во средните училишта за ученици со посебни образовни потреби во учебната 2020/2021 година, со прилог поединечни протоколи за постапување во средно образование за ученици со посебни образовни потреби | Усвоена на 6-та седница на Владата од 27.9.2020 |
| Протокол за работа во услови на справување со вирусот КОВИД-19 во јавните ученички домови во Република Северна Македонија во учебната 2020/21 година | Усвоен на 6-та седница на Владата од 27.9.2020 |
| Протокол за работа во услови на справување со вирусот КОВИД-19 во јавните студентски домови во Република Северна Македонија во учебната 2020/21 година | Усвоена на 6-та седница на Владата од 27.9.2020 |
| Извештај за работата на Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство, за период од 18.09.2020 година до 25.09.2020 година | Усвоен на 6-та седница на Владата од 27.9.2020 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Гостивар (опрема за потребите на Општинскиот ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар. | Донесена на 6-та седница на Владата од 27.9.2020 |
| Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на 38 општини + две државни училишта (компјутери од Државен завод за статистика) | Донесени на 6-та седница на Владата од 27.9.2020 |
| Информацијата со Одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (со намена обезбедување на 165.000.000 денари за доделување на средства на државните студентски домови за трошоци за тековно работење во однос на режии за греење, електрична енергија, потрошена вода и други трошоци) | Усвоена на 7-та седница на Владата од 29.9.2020 |
| Извештај за работата на Комисијата за период од 25.09.2020 год.до 29.09.2020 година со предлог заклучоци за настава со физичко присуство во училиштата во Република Северна Македонија | Усвоен на 7-та седница на Владата од 29.9.2020 |
| Програма за изменување на програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година | Усвоена на 8-та седница на Владата од 4.10.2020 |
| Пет одлуки за доделување на средства на Државните студентски домови | Донесени на 8-та седница на Владата од 4.10.2020 |
| Извештај за работата на Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство, за период од 29.09.2020 година до 2.10.2020 година | Разгледан на 8-та седница на Владата од 4.10.2020 |
| Програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2020 година | Усвоена на 9-та седница на Владата од 6.10.2020 |

| | |
|---|---|
| Информација за спроведување на препораките од Конечениот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност „Подобрување на условите за спортување на децата од основно и средно образование-Проект изградба на спортски сали во основните и средните училишта“, со Акциски план | Усвоена на 11-та седница на Владата од 13.10.2020 |
| Извештај за работата на Комисијата за разгледување на поднесени барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство, за 5 и 6.10.2020 година | Разгледан на 12-та седница на Владата од 14.10.2020 |
| Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за 2019-2020 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јануари – јуни 2020 година) | Усвоена на 13-та седница на Владата од 20.10.2020 |
| Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година | Донесена на 13-та седница на Владата од 20.10.2020 |
| Програма за изменување и дополнување на програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година | Усвоена на 13-та седница на Владата од 20.10.2020 |
| Програма за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентски стандард за 2020 година | Усвоена на 14-та седница на Владата од 22.10.2020 |
| Уредба за дополнување на Уредбата за начинот на организирање и реализирање на наставата во вонредни околности во основните и средните училишта | Донесена на 14-та седница на Владата од 22.10.2020 |
| План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година | Усвоен на 14-та седница на Владата од 22.10.2020 |
| Информација со иницијатива за задолжување за имплементација на Проект за унапредување на основното образование | Усвоена на 16-та седница на Владата од 27.10.2020 |
| Информација со текст на Протокол за отворен пристап до истражувачката инфраструктура во Западен Балкан | Усвоена на 17-та седница на Владата од 3.11.2020 |
| Информација за потребата за пристапување на Република Северна Македонија кон програмите на ЕУ„Еразмус”и„Европскиот корпус на солидарност”во новиот програмски циклус од 2021 до 2027 година | Усвоена на 18-та седница на Владата од 9.11.2020 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Црвен Крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Битола (опрема) | Донесена на 18-та седница на Владата од 9.11.2020 |
| Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад | Донесена на 18-та седница на Владата од 9.11.2020 |
| Програма за изменување и дополнување на програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година | Усвоена на 18-та седница на Владата од 9.11.2020 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентски стандард за 2020 година | Усвоена на 18-та седница на Владата од 9.11.2020 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2020 година | Усвоена на 18-та седница на Владата од 9.11.2020 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на основни | Усвоена на 18-та седница на Владата од 9.11.2020 |

| | |
|---|---|
| училишта за 2020 година | |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година | Усвоена на 18-та седница на Владата од 9.11.2020 |
| Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард | Усвоен на 19-та седница на Владата од 10.11.2020 |
| Предлог на закон за дополнување на Законот за студентскиот стандард | Усвоен на 19-та седница на Владата од 10.11.2020 |
| Годишна програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2020 година, со Финансиски план | Разгледана на 21-та седница на Владата од 17.11.2020 |
| Информација за промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за вршење на стручно технички надзор при изградба и опремување на 77 училишни спортски сали во основните и средните училишта во рамки на проектот за изградба и опремување на 145 спортски сали, наш бр.10-11/14 од 21.03.2017 година и арх.бр на носителот на набавката 08-417/1 од 21.03.2017 година | Усвоена на 24-та седница на Владата од 24.11.2020 |
| Информација за активностите на проектот Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во РСМ и промена на динамика на обврските од склучен договор за повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни активности за изградба и опремување на 145 училишни спортски сали во основните и средните училишта | Усвоена на 24-та седница на Владата од 24.11.2020 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен студентски дом „Скопје“ Скопје (мебел) | Донесена на 24-та седница на Владата од 24.11.2020 |
| Одлука за пренесување на основачките права и обврски над општинско угостителско-туристичко училиште „Ванчо Питошески“ Охрид | Донесена на 24-та седница на Владата од 24.11.2020 |
| Одлука за пренесување на основачките права и обврски над средното стручно општинско училиште „Киро Бурназ“ Куманово | Донесена на 24-та седница на Владата од 24.11.2020 |
| Одлука за пренесување на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Моша Пијаде“ Тетово | Донесена на 24-та седница на Владата од 24.11.2020 |
| Информација за набавка на дополнителни Microsoft лиценци за потребата на Министерството за образование и наука | Усвоена на 24-та седница на Владата од 24.11.2020 |
| Одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2020/2021 година | Донесена на 25-та седница на Владата од 1.12.2020 |
| Извештај за работата на Комисијата со предлог заклучоци за настава со физичко присуство во училиштата во Република Северна Македонија | Усвоена на 25-та седница на Владата од 1.12.2020 |
| Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во РСМ, за учебната 2020/2021 година | Донесена на 25-та седница на Владата од 1.12.2020 |
| Одлука за распределба на средства обезбедени во Програма Т – инвестиции во образование, потпрограма ТА – изградба на основни училишта, сметка 637, ставка 488-капитални дотации до ЕЛС во изменување и дополнување на Буџетот на Министерството за образование и наука за 2020 година | Донесена на 26-та седница на Владата од 7.12.2020 |
| Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите | Донесена на 26-та седница на Владата од 7.12.2020 |

| | |
|---|---|
| за ученици запишани во средните училишта во РСМ, за учебната 2020/2021 година | |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гази Баба - Скопје (патничко моторно возило) | Донесена на 30-та седница на Владата од 15.12.2020 |
| Информација за оправданоста и придобивките од реализација на иницијативата за изградба на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEEIIST) на територијата на Република Северна Македонија | Усвоена на 30-та седница на Владата од 15.12.2020 |
| Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот на Министерството за образование и наука за набавка на рехабилитација на основни и средни училишта и набавка на стручно-технички надзор над рехабилитација на основни и средни училишта во рамките на проектот Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во РСМ | Усвоена на 30-та седница на Владата од 15.12.2020 |
| Одлука за доделување на средства на Државен ученички дом „Крсте Петков Мисирков" Кавадарци | Донесена на 30-та седница на Владата од 15.12.2020 |
| Одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година | Донесена на 30-та седница на Владата од 15.12.2020 |
| Нацрт - концепција за основно образование во Република Северна Македонија | Разгледана на 32-та седница на Владата од 22.12.2020 |
| Одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година | Донесена на 32-та седница на Владата од 22.12.2020 |
| Одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје | Донесена на 32-та седница на Владата од 22.12.2020 |
| Одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје | Донесена на 32-та седница на Владата од 22.12.2020 |
| Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година | Донесена на 33-та седница на Владата од 23.12.2020 |
| Одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на државниот студентски дом „Никола Карев" – Охрид | Донесена на 35-та седница на Владата од 29.12.2020 |
| Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор, за фискалната 2021 година. | Донесена на 35-та седница на Владата од 29.12.2020 |
| Програма за изменување на програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година | Донесена на 35-та седница на Владата од 29.12.2020 |
| Програма за изменување на програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2020 година | Донесена на 35-та седница на Владата од 29.12.2020 |
| Програма за изменување на програмата за научно-истражувачка дејност за 2020 година | Донесена на 35-та седница на Владата од 29.12.2020 |
| Програма за изменување на програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2020 година | Донесена на 35-та седница на Владата од 29.12.2020 |

## 2.3 В: Мерки и активности кои произлегуваат од работата на Министерството за образование и наука

| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Основање на Математичко-информатичка гимназија | |
|---|---|
| **Показател за успешност:** Отпочнување со работа на Математичко-информатичката гимназија во месец септември 2020 година | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Реализација на активности од подготвителната фаза за почеток со работа на Математичко – информатичката гимназија согласно законската регулатива | На 30.3.2020, на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за полагање на приемен испит на учениците кај кои има интерес за запишување во математичко-информатичка гимназија за учебната 2020/2021 година. Приемниот испит се реализираше во просториите на СГГУГС„ Здравко Цветковски“ Скопје и тоа по предметот математика на 2.6.2020 година и физика на 4.6.2020 година. |
| Отпочнување со работа на Математичко-информатичката гимназија | Математичко-информатичката гимназија отпочна со работа на 1 октомври, преку систем на учење од далечина |

| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Имплементација на Законот за наставници во основното и средното образование | |
|---|---|
| **Показател за успешност:** Донесени подзаконски акти | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување и донесување на подзаконските акти предвидени со Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта | Донесени се сите акти предвидени со Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование (Службен весник бр.161/2019 од 5.8.2019) |

| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Имплементација на Закон за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование | |
|---|---|
| **Показател за успешност:** Донесени подзаконски акти и формирана Комисија | |
| **Активност:** | **Статус: Одложена примена** |
| Изготвување и донесување на подзаконските акти предвидени со Законот за | Законот за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за |

| | |
|---|---|
| високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование | образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, по скратена постапка, со кој се одлага неговата примена за академската 2022/2023 година, е донесен од страна на Собранието и објавен во Службен весник бр.244/20 од 9.10.2020 |
| Изготвување на предлог-одлука за висината и бројот на стипендиите на студентите кои се запишуваат на студиските програми, согласно овој закон | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2020/2021 година во Република Македонија<br>Согласно член 42 од Законот за средното образование, Министерството за образование и наука објавува конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта во средствата за јавно информирање. При запишувањето во прва година учениците се определуваат за образование на одреден план и програма | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Утврдување на слободни места за упис во средните училишта, во соработка со сите засегнати чинители | Утврден е бројот на слободни места за упис во средните училишта, во соработка со сите засегнати чинители |
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | Објававен е Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2020/2021 година во Република Северна Македонија во средствата за јавно информирање во законскиот рок (27.3.2020 година) |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** : Конкурс за запишување и прием на ученици во општинските и државните ученички домови<br>Согласно член 27 од Законот за ученичкиот стандард, Министерството за образование и наука објавува конкурс за запишување и прием на ученици во општинските и државните ученички домови | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок | |
| **Активност** | **Статус: Реализирано** |
| Усогласување на квотите со сите ученички домови | Усогласени се квотите со сите ученички домови |
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | Објавен е Конкурсот во законскиот рок, на 30.3.2020 година |

| |
|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за стипендии за студенти кои студираат во странство (за некој од најдобрите универзитети во светот)<br>Согласно член 49 став 2 од Законот за студентскиот стандард и член 52 од Законот за научно-истражувачката дејност, Министерството објавува Конкурс за |

| | |
|---|---|
| доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство | |
| **Показател за успешност:** Објавени Конкурси на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Конкурси | Изготвени се предолог на Конкурси |
| Објава на Конкурси за студии од прв циклус | Конкурсите се објавени на веб страната на МОН на 10 февруари 2020 година |
| Објава на Конкурс за студии од втор и трет циклус | Конкурсите се објавени на веб страната на МОН на 10 февруари 2020 година |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки,<br><br>Согласно член 45 од Законот за основното образование и член 24-б од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината | |
| **Показател за успешност:** Објавени јавни повици на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Јавен повик за основно образование и Јавен повик за средно образование | Изготвен е Предлог-јавен повик за основно образование и Јавен повик за средно образование |
| Објава на Јавните повици на интернет страницата на МОН и нивно проследување до сите училишта | На 17.2.2020 година објавен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот<br><br>На 10.4.2020 објавен е повикот за средно образование |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на средства на акредитираните здруженија на наставници за учество на еден меѓународен натпревар (за трошоците за котизација и пат на најмногу шест ученици и најмногу три ментори, чија бројка зависи од правилата на организаторите на меѓународниот натпревар)<br><br>Согласно член 45 од Законот за основното образование Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, во првите три месеци од годината | |
| **Показател за успешност:** Објавени јавни повици на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Одложена примена поради Ковид пандемијата** |

| | |
|---|---|
| Изготвување на предлог Јавен повик | Согласно новиот Закон за основно образование, донесен е Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки („Службен весник" бр.49/20 од 21.2.2020) |
| Објава на Јавниниот повик на интернет страницата на МОН | Владата на 49-та седница одржана на 5.5.2020 г. донесе Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за основното образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.116/20 од 5.5.2020), со која е продолжен рокот за објавување јавен повик за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на најмногу шест ученици и најмногу три ментори на еден меѓународен натпревар по барање на акредитираните здруженија на наставници во текот на една година, кој е истечен за време на траење на вонредната состојба, и се продолжува за две недели од денот на престанокот на траењето на вонредната состојба.<br><br>Министерот на 14.7.2020 г. донесе Решение бр.18-6809/1 за необјавување на Јавниот повик за 2020 година, поради пренамената на средствата од оваа ставка за справување со Ковид 19 пандемијата, и од причина што одложена е организацијата на сите меѓународни натпревари со физичко присуство |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad),<br><br>Согласно член 24-б од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината | |
| **Показател за успешност:** Објавени јавни повици на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Јавен повик | Изготвен е предлог Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) |
| Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН и негово проследување до сите училишта | Објавен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad) на веб страната на МОН на 10.4.2020 година |

<table>
<tr><td colspan="2">ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Конкурс за доделување на наградата “Гоце Делчев” во 2020 година<br>Со наградата “Гоце Делчев” се оддава општествено признание за особено значајно остварување во сите области од науката од интерес на земјата.<br>Наградата во 2020 година се доделува за научна книга или дело објавено во 2019 година.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показател за успешност: Објавен Конкурс</td></tr>
<tr><td>Активност:</td><td>Статус: Нереализирана мерка</td></tr>
<tr><td>Изготвување на предлог Конкурс</td><td rowspan="2">Конкурсот за доделување на наградата “Гоце Делчев” во 2020 година, за објавено научна книга или дело во 2019 година не е објавен.</td></tr>
<tr><td>Објава на Конкурс за доделување на наградата “Гоце Делчев” во 2020 година</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Одлука за бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученичките стипендии</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показател за успешност: Донесена Одлука и објавена во Службен весник</td></tr>
<tr><td>Активност:</td><td>Статус: Реализирано</td></tr>
<tr><td>Донесување на Одлуката од страна на Владата и нејзино објавување во Службен весник</td><td>Одлуката е донесена од страна на Владата на 78-та седница, одржана на 28.7.2020 г.<br><br>На 13-та седница на Владата, одржана на 20.10.2020 донесена е Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стипендии со која додадена е категорија на стипендии за ученици од средно стручно образование – дефицитарни струки.<br><br>Конкурсот за доделување на ученички стипендии за учебната 2020/2021 година е објавен на 27.10.2020 г.. За прв пат од оваа учебна година, отворена е можноста за целосно електронско аплицирање за стипендија (без потреба од доставување на документи во хартиена форма).<br><br>На 25-та седница на Владата, одржана на 1.12.2020 донесна е Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стипендии со која е зголемен бројот на стипендии за ученици со посебни потреби, за ученици од социјално-ранливите категории и за ученици кои реализираат наставни програми од електро-техничка струка, односно сектор електро-техника, а на 26-та седница на Владата, одржана на 7.12..2020 донесена е нова Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стипендии со која е зголемен бројот на стипендии за ученици Роми.<br><br>Конкурсите се целосно спроведени и објавени се резултатите</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Усогласување на Законот за Биро за развој на образованието и Законот за државен испитен центар со Законот за основно образование | |
| **Показател за успешност:** Донесени Закон за изменување и дополнување на Закон за БРО и Закон за изменување и дополнување на Закон за ДИЦ | |
| **Активност:** | **Статус: Во тек** |
| Изготвување на предлог закони | Изготвен е предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за државен испитен центар, а во тек е изготвување на предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за Биро за разој на образованието.<br><br>Донесувањето на овие закони е предвидено во Програма за работа на Владата за 2021 |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Креирање на политики врз основа на анализи и податоци | |
| **Показател за успешност:** Основано одделение за анализа на политики и истражувања<br>Оперативна опсерваторија на вештини | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано (со исклучок на измената на ЗВО)** |
| Измена на Правилник за систематизација на работни места во МОН и Правилник за внатрешна организација на МОН | Донесен е Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за образование и наука, на 16.10.2020 година, со архивски бр.04-11404/1 и формирано е Одделение за аналитика и истражување на развојно образовани политики, кое е пополнето со работни места: раководител на одделение и Соработник за координирање на процесите за прибирање и размена на податоци.<br><br>Со Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование (Службен весник бр.229/20) воведен е законски основ со кој се воспоставува Информационен систем „Опсерваторија на вештини“.<br><br>Не се донесени измени на Законот за високо образование со цел воведување на законски основ за размена на податоци за потребите на Опсерваторијата на вештини, поради што не е отпочната со работа Опсерваторијата на вештини. |
| Пополнување на работните места во Одделението за анализа на политики и истражувања | |
| Измена на Законот за средно образование и Законот за високо образование со цел воведување на законски основ за размена на податоци за потребите на Опсерваторијата на вештини | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за запишување и прием на студенти во студентски домови | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Усогласување на квотите со сите студентски домови | Конкурсот за прием на студенти во студентските домови за академската 2020/2021 |

| | |
|---|---|
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | година е објавен на интернет страницата на МОН на 6.7.2020 г. Резултатите за прием на студенти се објавени на интернет страницата на МОН на 1.10.2020 г.<br><br>За студентските домови во Скопје капацитетот по протокол е 2.080 легла, вкупно примени се 1.614 студенти, Има и резервна листа, од причина што ако некој факултет ја промени одлуката и место онлајн одлучи да држи настава со физичко присуство, се остава можност да се примат студентите на места коишто ги добиле во домовите затоа што ги исполнуваат критериумите. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Одлука за доделување на стипендии на странски државјани кои се од интерес за Републиката (стипендии за студенти со македонско потекло од Балканскиот полуостров) | |
| **Показател за успешност:** Донесена Одлука и објавена во Службен весник | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Донесување на Одлуката од страна на Владата и нејзино објавување во Службен весник | Одлуката е донесена од страна на Владата на 78-та седница, одржана на 28.7.2020 г. Врз основа на Олдуката, спроведен е Конкурс и доделени се стипендии |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во земјата | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс на почетокот на академската 2020/2021 година, на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Конкурс | Воведени се нов тип на стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 8,00 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по македонски јазик, македонска книжевност и јужнословенски книжевности во рамките на стипендиите од „Втора група".<br><br>На 13.11.2020 на интернет страницата на МОН објавени се:<br><br>Конкурс за доделување стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2020/2021 година и<br><br>Конкурс за доделување стипендии на редовни студенти Роми запишани на студии од |
| Објава на Конкурсот на интернет страницата на МОН | |

| | |
|---|---|
| | прв циклус на јавните и приватните високообразовни установи во Република Северна Македонија за студиската 2020/2021 година<br><br>Конкурсите се целосно реализирани и објавени се резултатите (склучени договори со студенти) |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за поврат на средства за купен музички инструмент | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс на почетокот на учебната, односно академската 2020/2021 година, на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Конкурс | Конкурсот за доделување на музички инструменти за ученици од средно образование, за учебната 2020/2021 година е објавен на 27.10.2020 г со рок за аплицирање од 60 дена од денот на објавување<br><br>Конкурсот за доделување на музички инструменти за студенти на државните високообразовни установи каде се остваруваат студиски програми од обласа на музиката, ;за академската 2020/2021 година е објавен на 13.11.2020 г со рок за аплицирање од 60 дена од денот на објавување |
| Објава на Конкурсот на интернет страницата на МОН | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Календар за организација и работа на училишта во учебната 2020/2021 | |
| **Показател за успешност:** Објавени Календари во законскиот рок | |
| **Активност:** | **Статус:** |
| Изготвување и објава на Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2020/2021 | Донесен е Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2020/2021 година и објавен е во Службен весник бр.193/20 од 28.7.2020; Календар за изменување и дополнување на Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2020/2021 година кој објавен е во Службен весник бр.209/20 од 27.8.2020 и Календар за изменување и дополнување на Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2020/2021 година кој објавен е во Службен весник бр.236/20 од 30.9.2020 |
| Изготвување и објава на Календар за организација на учебната 2020/2021 година во јавните средни училишта | Донесен е Календар за организација и работа на средните училишта во учебната 2020/2021 година и објавен е во Службен весник бр.193/20 од 28.7.2020 и Календар за изменување и дополнување на Календар за организација и работа на средните училишта во учебната 2020/2021 година кој објавен е во Службен весник бр.209/20 од |

| | |
|---|---|
| | 27.8.2020 |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата | |
| **Показател за успешност:** Објавен Јавен повик на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Јавен повик | На 3.11.2020 на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување парични средства за организирање на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата, за учебната 2020/2021 година, со рок на аплицирање до 3.12.2020 г.<br><br>Заедно со јавниот повик објавена е листа на примери на вонnаставни активности кои може да се реализираат онлајн |
| Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН и негово проследување до сите училишта | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Изготвување на предлог програми за 2021 година | |
| **Показател за успешност:** Изготвени, усогласени програми со сите релевантни институции и поднесени во владина процедура на усвојување | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година | Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година, Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година и Програмата за научно-истражувачката дејност за 2021 година, се донесени на 37-та седница на Владата, одржана на 5.1.2021 година.<br><br>Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година и Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година се донесени на 39-та седница на Владата, одржана на 16.1.2021 година. |
| Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година | |
| Програма за научно-истражувачката дејност за 2021 година | |
| Програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2021 година | |
| Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2021 година | |

## 3. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Здравствената криза со Ковид 19 изврши големи влијанија врз системите за образование и обука во сите земју, вклучително и во Република Северна Македонија. Образованието како никогаш до сега е исправено пред предизвици и реалности кои наметнуваат нови начини на учење, поучување и

комуникација. Тоа ја наметнува потребата да се преземат мерки кои ќе оневозможат здравствената криза да стане структурна бариера за учење и развој на вештини, ограничувајќи ги, притоа, можностите за вработување, заработката на младите, како и еднаквоста и вклученоста во општеството. Затоа, земјите членки на ЕУ бараат соработка во развивање на идни флексибилни образовни системи, поставувајќи ги темелите на Европската област за образование до 2025 година

Различноста вградена во нашиот систем на образование, сфатена во различни контексти, исто така, е предизвик за квалитетни промени и развивање интегрирано и квалитетно образование за сите. Поделеноста на учениците по наставни јазици, честопати придонесува за разлики во постигањата на учениците од различните етникуми. Исто така, поделеноста се рефлектира врз реализацијата на вонnаставните и вонучилишните активности, загрозувајќи ја како еднаквоста во можностите така и интеракцијата меѓу наставниците и учениците од различни наставни јазици.

## 4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Потребата од квалитетно образование и градењето на „големата слика“ на образовниот систем бараат промени почнувајќи од основното образование. Промените треба да овозможат концепциско поврзување и суштинско усогласување на предучилишното, основното и средното образование во поглед на сите аспекти кои ја определуваат функцијата и природата на образованието, земајќи ја предвид природата на детскиот развој и нејзината релација со процесот на учење. Таквото поврзување и усогласување бара преиспитување на општествените функции, местото и улогата на образовниот систем, без да се доведе во прашање местото и улогата на секој поединечен потсистем. Промените во основното училиште треба да се насочат кон настава и учење во кои се развива аналитичко и критичко мислење, се поттикнува креативност, се учи како да се препознаваат вистинити и невистинити информации и дека нивното правилно користење е далеку покорисно и повредно од поседувањето информации. Во подобреното училиште наставата е мотивирачка и на учениците им нуди вештини кои се релевантни и неопходни за успех како во училиште така и во вонучилишната реалност. Компетенциите за доживотно учење преточени во Националните стандарди, а посебно оние кои се однесуваат на вештините за креативно изразување, критичко размислување, комуникација и соработка треба да бидат интегрирани во сите наставни програми и да бидат дел од секој час, на ист начин како јазичната и математичката писменост. Исто така, дигиталната интеграција е основа на новото образование, но не само преку едноставно „додавање“ ИКТ на постојните наставни методи. Дигиталната технологија мора да се применува на начин кој им е од непосредна корист на учениците. Тука спаѓа и подготвувањето на учениците за комбиниран пристап на учење преку дигитални платформи или преку настава од далечина во различни услови, како и користењето на дигитална технологија како поддршка на инклузијата на децата со попреченост во редовната настава.

Особено е значајно да продолжат активностите за евалуација на системот преку развој на единицата за анализа на политики и истражувања во МОН, која ќе помогне информациите да се користат на посистематски начин за креирање на политики. Понатаму се препорачува развој на поширока мрежа на истражувачки субјекти кои ќе придонесат за евалуација на системот. Со цел институциите, како што се БРО, ДИЦ и ДПИ, да одговорат на

своите обврски, потребно е јасно дефинирање на нивните улоги. Тоа може да се оствари преку законски одредби за мандатот на секоја од овие институции, составување повеќегодишна програма на активности и соодветен буџет за секоја од институциите. Истражувачката функција на секоја од овие институции треба, исто така, внимателно да се разгледа. БРО треба да добие формален статус како истражувачко тело на Владата и да ги добие потребните ресурси и надлежности, како дел од поширокото јакнење на улогата што ја има за подобрување на наставата. Подеднакво важно е и унапредување на споделувањето и употребата на резултатите од евалуацијата, преку јавно објавување на годишен аналитички извештај за образованието во однос на подобрувањата во образованието..

**Листа на кратенки, употребени во Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа за 2020:**

| | |
|---|---|
| МОН | Министерство за образование и наука |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ЦОВ | Центар з аобразование на возрасни |
| ЦСОО | Центар за стручно образование и обука |
| УРУОЈПЗ | Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| НРК | Национална рамка на квалификации |
| СКИЛС проект | Проект за развој на вештини и иновации |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕТФ | Европска тренинг фондација |
| НАЕОПМ | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ЗОО | Закон за основно образование |
| ЗСО | Закон за средно образование |
| ИОП | Индивидуален образовен план |
| НКТТ | Националната канцеларија за трансфер на технологии |

Министерка за образование и наука
Мила Царовска, с.р.

Бр.01-3927/1
3 март 2021